# УПРАВУВАЊЕ СО КОНТРОВЕРЗИИ

## РАЗВОЈ НА СТРАТЕГИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОНТРОВЕРЗИИ И ПРЕДАВАЊЕ НА КОНТРОВЕРЗНИ ПРАШАЊА ВО УЧИЛИШТАТА









**Алатка за училишни лидери и високи менаџери за справување со контроверзии и предавање на контроверзни прашања во училиштата. Развиено со учество на Австрија, Кипар, Ирска, Црна Гора и Велика Британија, со поддршка на Албанија, Франција и Шведска**


Funded by the European Union and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented by the Council of Europe

# УПРАВУВАЊЕ СО КОНТРОВЕРЗИИ

## РАЗВОЈ НА СТРАТЕГИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОНТРОВЕРЗИИ И ПРЕДАВАЊЕ НА КОНТРОВЕРЗНИ ПРАШАЊА ВО УЧИЛИШТАТА

## Алатка за саморефлексија за училишни лидери и високи менаџери

Совет на Европа

English edition:
*Managing controversy*
*Developing a strategy for handling controversy and teaching controversial issues in schools*
*A self-reflection tool for school leaders and senior managers*
ISBN 978-92-871-8307-1
© Council of Europe, January 2017
Овој текст е финансиран од Заедничката програма на Советот на Европа и Европската унија. Содржината на ова дело е единствена одговорност на преведувачот и не ја одразува нужно официјалната политика на кој било од нив.
Репродукција на извадоци (до 500 зборови) е овластена, освен за комерцијални цели сè додека е зачуван интегритетот на текстот, извадокот не се користи надвор од контекст, не дава нецелосни информации или не го доведува во заблуда читателот за природата, обемот или содржината на текстот. Изворниот текст секогаш мора да се признае како што следува „© Совет на Европа, 2021 година". Сите други барања што се однесуваат на репродукција / превод на целиот или дел од документот, треба да бидат упатени до Дирекцијата за комуникации, Совет на Европа (F-67075 Стразбур Цедекс или publishing@coe.int).
Сите други барања што се однесуваат на оваа публикација треба да бидат упатени до Одделот за образование на Советот на Европа.
Education Department
Council of Europe
Agora Building
1, Quai Jacoutot
67075 Strasbourg Cedex, France
Е-пошта: education@coe.int
Превод: Новинари за човекови права
Насловна фотографија: ©Shutterstock
Обработка и дизајн на корица: Јоуве, Париз
Документи и публикации
Одделение за производство (СПДП), Совет на Европа
Фотографии: Совет на Европа, ©Shutterstock

Издаваштво на Совет на Европа
F-67075 Стразбур Цедекс
http://book.coe.int

*ISBN 978-92-871-9120-5*
© Совет на Европа, Јуни 2021
*Лиценцирано на Европската Унија под одредени услови.*

Оваа публикација се надоврзува на пакетот обуки за наставници - *Живеење со контроверзи: предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права* - за да се обезбеди сеопфатен ресурс за професионален развој кој ги поддржува сите аспекти на работата на училиштето во оваа област.

# Содржина:


БЛАГОДАРНОСТИ 5

ПРЕДГОВОР 7

ВОВЕД 9

1. УЧИЛИШНО ЛИДЕРСТВО 15

2. УЧИЛИШЕН ЕТОС И КУЛТУРА 19

3. НАСТАВА И УЧЕЊЕ 23

4. НАСТАВНА ПРОГРАМА 25

5. ГЛАСОТ НА УЧЕНИКОТ 29

6. НАСОКИ И ПОДДРШКА 33

7. РОДИТЕЛСКИ АНГАЖМАН 37

8. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ 41

9. РАЗВОЈ И ТРЕНИНГ НА ПЕРСОНАЛ 45

ПРИЛОГ I – ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА МОЖНИ АКТИВНОСТИ 49

ПРИЛОГ II - УПРАВУВАЊЕ СО КОНТРОВЕРЗИ: ИМПЛИКАЦИИ ЗА УЧИЛИШНИТЕ ЛИДЕРИ И МЕНАЏЕРИ –АНАЛИЗА НА ОПСЕГОТ 53

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И РЕСУРСИ 61

# Благодарности

*Управување со контроверзии* е објавено во рамките на шемата на пилот-проекти на Европската унија / Совет на Европа „Човекови права и демократија на дело“, чија цел е да ги имплементира принципите на Повелбата на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права.

**Автори**

Тед Хадлстон и Дејвид Кер.

**Проектни партнери**

Сузана Рејтмир-Хуарез, Центар за демократија, Виена, Австрија

Сигрид Штајнингер, Федерално министерство за образование и женски прашања, Виена, Австрија

Павлина Хаџитеодулу-Лоизиду и Деспо Кипријану, Кипарски педагошки институт, Министерство за образование и култура, Кипар

Ајдан Клифорд и Мери Ганон, Единица за развој на наставната програма на Комитетот за стручно образование на градот Даблин, Ирска

Бојка Ѓукановиќ, катедра на УНЕСКО за образование за демократско граѓанство и човекови права, Универзитет на Црна Гора, Црна Гора

Дејвид Кер и Тед Хадлстон, Фондација за државјанство, Лондон, Велика Британија

**Придружени партнери**

Томи Ериксон, Шведска национална агенција за образование, Шведска

Астрит Даутај, Институт за развој на образованието, Албанија

**Совет на Европа**

Јулија Перерва, Марк Хори

# Предговор

Контроверзноста и контроверзните прашања се во центарот на нашите демократски општества. Ова значи дека учењето како да се справите со вакви прашања, исто така, мора да биде во срцето на ефективното образование за демократско граѓанство и образованието за човекови права (ОДГ / ОЧП). Како што забележа професорот (сер) Бернард Крик во својот главен извештај од 1998 година, *Образование за граѓанство и настава по демократија во училиштата*, што доведе до воведување на Државјанството како законски предмет во Англија во 2002 г:

Учење како да се води дијалог со почитувањето на луѓето чии вредности се различни од сопствените е клучно во демократскиот процес и е од суштинско значење за заштитата и зајакнувањето на демократијата и негувањето на културата на човековите права. (Крик 1998)

Советот на Европа има извонредни резултати во промовирањето на образованието за демократско граѓанство, човековите права и меѓукултурниот дијалог и во негувањето и предавањето за важноста на демократската култура. Затоа е соодветно што Советот на Европа, во партнерство со Европската унија, преку шемата за пилот-проекти за образование за граѓанство и образование за човекови права од 2015 година, помогна да се олесни создавањето на нов пакет за професионален развој од низа партнери низ европските земји.

Оваа публикација е многу навремена. Постојат многу прашања во општеството, заедниците и секојдневниот живот за кои младите во Европа сакаат да дискутираат. Сепак, честопати им се ускратени ваквите можности во училиштата, бидејќи проблемите се сметаат за премногу предизвикувачки за настава во училниците и премногу тешки да се управуваат на ниво на цело училиште. Наместо тоа, младите луѓе остануваат збунети, лути и дезориентирани без некој да им помогне да ги разберат овие проблеми и да го насочи нивното разбирање, дијалог и учење.

Знаеме дека отворањето на училишната програма за контроверзни прашања покренува тешки педагошки прашања - како на пример како да се заштити чувствителноста на учениците со различно потекло и култура, како да се спречи отпорот во училица и како да се предава спорен материјал рамномерно, избегнувајќи критики на пристрасност. Исто така, покренува прашања во врска со академската слобода и улогата на сопствените убедувања и вредности на наставникот.

Исто така знаеме дека за училишните лидери и менаџери покренува прашања за политиките - како на пример како да се поддржат наставниците во предавањето на контроверзни прашања, како да се обезбедат дополнителни можности за дијалог во училишната заедница, на пример преку демократски облици на училишно управување, како да се промовира поддржувачки училишен етос, како да се надгледува целокупниот квалитет на пружање услуги и како да се осврне на стравувањата на родителите и другите надвор од училиштето.

Оваа публикација помага на двете нивоа. Се надоврзува на пакетот обуки за наставници - Живеење со контроверзии: настава на контроверзни прашања преку образование за демократско граѓанство и човекови права - да им се понуди практична поддршка на училишните лидери и високи менаџери за тоа како проактивно да управуваат и да реагираат на контроверзни прашања во и надвор од училиштето.

Ние и сите партнери вклучени во овој пакет за професионален развој се надеваме дека со текот на времето, Управување со контроверзии ќе се користи заедно со Живеење со контроверзии за да се зајакне управувањето со контроверзните прашања на ниво на целото училиште, заедно со зајакнувањето на наставата за контроверзни прашања во учлниците низ Европа. Ова ќе им користи на младите, а исто така ќе придонесе за поефикасно ОДГ / ОЧП и заштита и зајакнување на нашите демократски општества.

Тед Хадлстон

Дејвид Кер

Фондација за државјанство (Велика Британија)

Октомври 2016 година

# Вовед

Евидентно е дека придобивките од предавањето на контроверзни прашања се многу важни и разновидни, и дека вклучувањето на контроверзни содржини на прашања е клучно за ефективно образование за демократско граѓанство и човекови права за сите млади во современото општество. (Училишен лидер, Црна Гора)

Треба да се осврнеме на сложените и предизвикувачки контроверзни прашања што произлегуваат во секојдневните интеракции со и помеѓу учениците, и да им обезбедиме безбеден простор во кој ќе можат да истражуваат идеи, да ги преиспитуваат мислењата и да го развиваат и совладуваат јазикот и уметноста на критичко размислување. (Училишен лидер, Шведска)

Контроверзноста е неизбежен и растечки дел од животот, а со тоа и од училишниот живот, во Европа. Сепак, малку училишни лидери или високи менаџери во европските земји добиваат каква било формална обука за тоа како да се справат со контроверзните прашања во училиште. Развојните програми за идните лидери и менаџери ретко го споменуваат и на темата ретко, ако и воопшто, се осврнуваат во континуираниот професионален развој.

Управување со контроверзии е алатка за саморефлексија на училишните лидери и раководни тимови што е создадена за да се пополни оваа празнина. Алатката им помага на практичарите да размислуваат за начинот на кој се постапува со контроверзите во нивните училишта и нуди практични предлози за тоа како може да се решат проактивно и стратешки.

Нејзината централна порака е дека не треба да се стравува од котроверзиите, туку треба да се сфатат како природен дел од животот во училиштето, и кој, ако со него се управува добро, има значителни социјални и образовни придобивки.

## Што подразбираме под „контроверзни прашања“?

Под „контроверзни прашања“ подразбираме прашања што „будат силни чувства и ги делат мислењата во заедниците и општеството“.[1] Тие се разликуваат од локално до глобално - од минариња до емисии на стакленички гасови. Тие исто така се разликуваат од место до место. На пример, хомосексуалните бракови во некои европски земји се релативно непроблематични, но во други се многу спорни. Некои контроверзни прашања имаат долга и долготрајна историја, како што се „Проблемите“ во Северна Ирска и „Курдското прашање“ во Турција; додека други, како малтретирање преку Интернет и закана од радикализација на младите, се појавија релативно неодамна.

## Каде во училиштата се појавуваат контроверзни прашања?

Контроверзни прашања може да се појават во врска со кој било аспект од училишниот живот. Заради практичност, ова може да го поделиме на три широки подрачја.

- **Наставна програма** - кога се појавуваат контроверзии во врска со еден од предметите, курсеви-те или активностите што се нудат на училиште (без разлика дали се дискретни, меѓупредметни, воннаставни или комбинација од овие), на пример во наука, контроверзии околу учењето за еволуцијата.
- **Култура** - кога се појавуваат контроверзии во врска со некој аспект од секојдневниот живот во училиште (неговите правила и прописи, како луѓето се поврзуваат и се однесуваат, итн.), на пример контроверзии околу носењето хиџаб.
- **Заедница** - кога се појавуваат контроверзии во училиште во врска со некое прашање или настан од поширокиот свет (како што е во врска со родителите, групи на локалната заедница, национални и меѓународни настани), на пример јавна контроверзија околу владината имиграциска политика што влијае на начинот на кој децата имигранти се третираат од нивните врсници во училиште.

Овие области понекогаш се познати како „трите букви Ц“ на образованието за демократско граѓанство (ОДГ): наставна програма, култура и заедница. (Curriculum, Culture, Community) Иако се сите различни, тие често се преклопуваат. Конкретно, влијанието на конфликтите и котроверзиите што потекнуваат од поширокото општество врз она што се случува во училиштата е загрижувачко.

[1] Kerr and Huddleston (2015), p.8

**Контроверзни прашања во наставната програма**

Наставната програма е чест извор на контроверзии во училиштата. Некои училишни предме-ти, како следните, се потесно поврзани со контроверзии од другите.

- **Историја** - оспорени извештаи од минатото
- **Верско образование** - морални проблеми и прашања за целта и смислата на животот
- **Здравствено образование** - прашања од лично чувствителна природа
- **Граѓанско и социјално образование** - спротивставени политички програми и идеологии
- **Литература** - морални и социјални проблеми и дилеми во измислено опкружување
- **Наука** - конкурентни теории и примени

Контроверзноста е непредвидлива и контроверзни прашања може да се појават во кое било време во наставата по скоро секој предмет или курс или во која било активност во училиште.

## Зошто контроверзноста станува се поважно образовно прашање во Европа?

Иако отсекогаш имало контроверзии во училиштата, предизвиците поврзани со решавање на контроверзни прашања во училишниот живот од низа причини станаа многу поизразени неодамна. Тука спаѓаат: брзо растечките нивоа на различност во училиштата; зголемената чувствителност кон прашањата за идентитетот; и подемот на социјалните медиуми и моменталната електронска комуникација.

### Брзо растечки нивоа на различност во училиштата

Училиштата во Европа никогаш не биле поразновидни, ниту различностите биле толку широки - опфаќајќи не само разлики поврзани со културата и религијата, туку и со сексуалната ориентација, посебните образовни потреби, попреченоста и неколку други облици на индивидуален и групен идентитет.

### Зголемена чувствителност кон прашањата за идентитетот

Како резултат на комбинацијата на загриженост на јавноста што се појави по висок профил на случаи на насилство и социјални немири во некои европски земји, зголемена свест за правата на поединецот и вознемиреност поради растечката социјална поделба, сега постои зголемена свесност за разликите во општеството. Сето ова доведе до појава на нови и неочекувани облици на контроверзии во училиштата.

### Подем на социјалните медиуми и моменталната електронска комуникација

Во ера на масовни медиуми и моментална електронска комуникација преку преносни уреди како што се телефони и лаптопи, со моментален пристап до Интернет, учениците редовно се изложени на конфликти и контроверзии за животот на возрасните и дома и на училиште. Таквата изложеност училиштата не може да ја исклучат.

## Како најдобро се пристапува кон контроверзиите?

Веројатно, најдобриот пристап кон контроверзиите не е да се бега од нив, туку да се прифатат како природен дел од училишниот живот, кој се решава преку дискусија и дебата. Ова е демократски начин. Дискусијата и дебатата се стаaат во центарот или сржта на училишниот живот - не како формална вежба, туку како стандарден начин за решавање на спорови и судири на мислења во училишната заедница воопшто.

За учениците, тоа значи да се препознае дека дискусиите за контроверзни прашања - без разлика дали тие се водат во училници, училишни совети, ученички парламенти, „кругови" или дебатни клубови - имаат двојна цел. Од една страна, тие се можност учениците да дискутираат и да дебатираат за своите ставови. Од друга страна, тие се средство за учење - не само академско учење, туку и учење како да се справите со контроверзиите и разликите во училиштето и воопшто во животот. Тие се израз и средство за учење на демократско граѓанство.

## Кои се придобивките од прифаќање на контроверзиите на овој начин?

За некои, можноста за отворено справување со контроверзиите може да изгледа застрашувачки. Обидот да се избегнат или намалат разликите може да изгледа полесна и побезбедна опција. Но, тоа е опција која станува сè потешка за одржување и оправдување.

Ширум Европа, младите се повеќе од кога било порано свесни за тоа што се случува во светот, и се погласни за нивното право на збор за нивната иднина. Со речиси универзален пристап до социјалните медиуми, веќе не е изводливо училиштата да се обидуваат да ги потиснат контроверзиите или да се преправаат дека не постојат или дека се одвиваат надвор, а не внатре во училиштата.

Сепак, главниот аргумент овде не е дека обидот да се избегнат контроверзиите во училиштата веќе не е можен, туку дека дури и да е тоа можно би било непожелно. Да се стори тоа би значело да се игнорираат многуте позитивни придобивки - социјални и образовни - кои произлегуваат од отворено прифаќање на контроверзиите и нивно сериозно сфаќање каде и да се случиле во училишниот живот. Овие придобивки вклучуваат: подобрено учење и постигнување на наставната програма; побезбедно, пофер и поценето училиште; и поправедно, инклузивно и демократско општество.

## Подобрено учење и постигнување на наставната програма

Контроверзноста веќе е вградена во голем број училишни предмети. На пример, историја - каде што во отсуство на оспорени извештаи за минатите настани, тоа би било обична пропаганда. Охрабрувањето на учениците да истражуваат и да дискутираат за контроверзии што се појавуваат во или што дефинираат различни предмети им помага да ги прошират и продлабочат своите знаења за предметот. Исто така, им помага на учениците да развиваат и практикуваат суштински вештини за меѓупредметно критичко размислување, како што се: препознавање пристрасност; проценка на докази и аргументи; барање алтернативни толкувања и гледишта; и интелигентно поврзување со интернет и други медиумски извори и места. Конечно, контроверзните прашања го прават учењето реално и релевантно. Тие можат да оживеат суви предмети и теми и да ги мотивираат учениците она што го учат на час да го применат во животот надвор од училиштето.

## Побезбедно, пофер и поценето училиште

Охрабрувањето на учениците да разговараат за контроверзии, како и кога ќе се појават на училиште, може да помогне да се ублажи напнатоста што често ги опкружува ваквите прашања и да се спречи истите да станат посериозни. Дискусијата, исто така, помага во решавање и намалување на постојните училишни проблеми - на пример: малтретирање; хомофобија; дискриминација; и говор на омраза. Ги охрабрува учениците да се слушаат и повеќе да се почитуваат едни со други, за да ја вреднуваат дискусијата, а не агресијата, како начин на решавање на разликите што ги имаат едни со други или со другите на училиште.

## Поправедно, инклузивно и демократско општество

Ангажирањето со контроверзни прашања им помага на учениците во оспособување со граѓанско знаење, вредности и вештини што ги поттикнуваат да бидат информирани, активни и одговорни граѓани. Ова понекогаш се нарекува и „компетенции за демократска култура“.[2] Тие учат како да ги бранат сопствените демократски права и правата на другите, да ги извршуваат своите одговорности и да се борат против дискриминацијата - поставувајќи ги темелите за поправедно, порамноправно и попартиципативно општество.

## Кои се импликациите од овој вид пристап на управување со училиштето?

Денес во Европа, пристапот кон контроверзиите во училиштата е во голема мерка реактивен и ад хок. Контроверзиите се проценуваат според нивните заслуги, како и кога ќе се појават. Ретко се прават поврзувања помеѓу различни контроверзни прашања или меѓу контроверзни прашања во наставната програма и оние што произлегуваат од животот на училиштето или во врска со надворешни настани. Иако дискусијата и дебатата може да се гледаат како важни аспекти на академското учење, нивната потенцијална употреба при решавање училишни проблеми често се игнорира. Ретко се разгледува идејата за создавање врски помеѓу дискусијата во училница и другите форуми за дебата во училиштата, како што се ученички совети или ученички парламенти.

Иако таквиот пристап можеби бил прифатлив во минатото, ситуацијата во Европа денес сугерира дека управувањето со контроверзиите во училиштата не смее повеќе да се остава на случајот. Потребен е проактивен пристап. Што значи ова во пракса, ќе се разликува од училиште до училиште и од земја до земја.

Меѓутоа, каде и да се одвива, треба да се развијат различни стратегии за управување. Тие вклучуваат: создавање поддржувачка училишна култура; поврзување на наставната програма, културата и заедницата; вклучување на целиот персонал - наставен и ненаставен; управување со ризик; и означување на посебна област на одговорност на менаџментот.

---

[2] www.coe.int/t/dg4/education/Source/competences/CDC_en.pdf.

## Создавање поддржувачка училишна култура

Училишна култура што охрабрува дискусија за контроверзни прашања е онаа каде што се слави различноста на мислењата и каде што секое лице - член на персоналот, ученик или родител - чувствува дека може да го каже своето мислење без страв. Тоа е оној во кој социјалната и образовната вредност на ваквите дискусии е широко признаена и прифатена. Создавањето ваква култура значи промовирање на чувство на припадност и одговорност низ училишната заедница преку нагласување на вклученоста, родовата еднаквост, демократијата, учеството на учениците, благосостојбата и сродните принципи. Исто така, вклучува идентификување и настојување за намалување или спротивставување на факторите што работат на нивно поткопување, како што е маргинализацијата на поединците и малцинските групи.

## Поврзување на наставната програма, културата и заедницата

Справувањето со контроверзиите не е само предавање за одредени „жешки теми" во наставната програма - тоа може да се однесува на кој било аспект од училишниот живот. Тоа исто така значи да се признае дека контроверзиите честопати се преклопуваат со различни аспекти на училишниот живот - наставната програма, училишната култура и врските на училиштето со пошироката заедница („трите Ц" на ОДГ). Ова можеби ќе треба да се земе предвид при одлучување за начинот на справување со одредени прашања.

## Вклучување на целиот персонал - наставен и ненаставен

Од тоа следува дека ако контроверзијата може да се однесува на кој било аспект од училишниот живот, тогаш може да се однесува и на кој било член на персоналот, кој предава или не предава. Затоа начинот на кој училиштето се справува со контроверзни прашања, е релевантен за целиот персонал и сите можат да имаат своја улога - на пример, со рефлектирање на различноста во нивната предметна настава или придонесувајќи за поотворена и поддржувачка клима.

## Управување со ризик

Да се биде проактивен значи и да се предвиди што може да тргне наопаку и да има подготвеност за одговор. Ова вклучува проценка на ризикот. Стратешкиот пристап кон контроверзиите веројатно ќе вклучува училиште кое воспоставена низа основни процедури, така што е подготвено да реагира брзо доколку се појави проблем - на пример, надворешни контроверзии што влијаат на однесувањето на учениците или моралот на училиштето, поплаки од загрижени родители или непријателско медиумско известување.

## Означување на посебна област на одговорност на менаџментот

Справувањето со контроверзни прашања треба само по себе да биде означено како област на управување со училиштето. Тоа најмалку ќе вклучува одвојување на одделно време и ресурси за управување, најверојатно, исто така, задолжување на одредено лице за надгледување на ова и изготвување на формална училишна политика - иако не мора да е напишана. Како посебна област на управување, се очекува да го заземе своето место меѓу другите во формалниот процес на преглед и развој на училиштето.

# Која е улогата на училишното лидерство?

Улогата на училишното лидерство во однос на која било област од училишната политика е да развие заедничка визија за тоа што е намерата да се постигне и да идентификува на што треба да се обрне внимание за да се исполни таа визија. Во врска со контроверзните прашања, добар начин да се започне е со изготвување изјава за визијата.

Изјавата за визијата е резиме на основните принципи што се темел на политичката област. Актот на размислување за тоа што треба и што не треба да биде вклучено во таквата изјава треба да го разјасни размислувањето, дури и ако она што се случува никогаш не е изработено во писмена форма. Во продолжение нудиме неколку предлози, кои можат да помогнат да се илустрира овој процес.

**Изјава за визијата: некои предложени принципи**

- Контроверзноста не треба да се гледа како проблем, туку како природен дел од животот во демократија.
- Контроверзните прашања не треба да се избегнуваат, туку да се дискутираат отворено секаде каде што е можно.
- Дискусиите за контроверзни прашања се суштински дел од демократското образование.
- Контроверзни прашања можат да се појават каде било во училиште во кое било време.
- Контроверзните прашања се релевантни за целиот училишен персонал, не само за неколкумина.

Да се има јасна визија за улогата на контроверзноста и контроверзните прашања во животот на училиштето е од суштинско значење за развој на политики во оваа област. Дава здрава основа врз која може да се гради стратегијата и да се дадат конкретни предлози. Особено, им помага на лидерите на училиштата да ги идентификуваат прашањата што треба да се решат.

За развој на политики кои се однесуваат на контроверзни прашања, идентификувавме девет клучни прашања што може да се решат. Секое има потенцијал да влијае на еден или друг начин на начинот на кој се решаваат контроверзиите во училиште. Релативната важност на секое од нив веројатно варира од училиште до училиште, како во однос на ситуацијата на теренот, така и според начинот на кој раководството на училиштето ја согледува задачата за управување со контроверзни прашања.

На пример, ако наставниот кадар нема доверба да се справи со контроверзни прашања на час, тогаш наставата и учењето може да бидат важна област за решавање. Ако учениците не го гледаат смислот за дискусија, тогаш можеби треба да се разгледа квалитетот на гласот на ученикот низ целото училиште. И, ако дискусијата е нарушена од нетолеранција или предрасуди, можеби треба да се разгледа културата на училиштето.

Едно прашање што секогаш ќе биде важно е развој и обука на персоналот. Ова не е само уште едно прашање за решавање, туку најчесто е начин на кој се решаваат сите други прашања.

**Стратешки пристап кон управување со контроверзии: девет клучни прашања**

- Училишно лидерство
- Училишен етос и култура
- Настава и учење
- Наставна програма
- Глас на ученикот
- Насоки и поддршка
- Родителски ангажман
- Управување со ризик
- Развој и обука на персоналот

## Како *Управување со контроверзии* го поддржува развојот на политики?

*Управување со контроверзии* го поддржува развојот на политики преку идентификување и објаснување на опсегот на опции за политики што се отворени за училишните лидери и високи менаџери во врска со решавањето на контроверзни прашања. Дејствува како звучна табла за да ви помогне да размислите за вашите претпоставки и да ги испробате вашите идеи. Исто така делува како список за проверка на прашањата што можеби ќе треба да ги решите при водење на промените и поставување на климата во врска со контроверзиите и контроверзните прашања во вашето училиште.

## Користење на алатката

### За кого е оваа алатка?

Ова е алатка за училишни лидери и високи менаџери во училиштата во Европа.

## За што служи?

Тоа е алатка за саморефлексија, дизајнирана да ви помогне да размислите за начинот на кој се решаваат контроверзиите и контроверзните прашања во вашето училиште и како и каде би сакале да го развивате ова понатаму.

## Како е структурирана?

Поделена е на девет делови, од кои секој се занимава со различна област од животот во училиштето што може да има влијание врз управувањето со контроверзиите и контроверзните прашања.

Секој дел содржи опис на областа со која се занимава, објаснување за улогата на таа област во врска со справувањето со контроверзни прашања, студија на случај од европско училиште и практичен предлог што можете да го примените во вашето училиште.

Исто така, содржи низа кратки стимулирачки прашања за да ги рефлектирате сопствените идеи и ситуацијата во вашето училиште. Клучни за целта на алатката, овие прашања служат за мапирање на главните опции за политики што ви се отворени.

## Како ја користите?

Можете да ја користите алатката на повеќе различни начини, вклучувајќи:

- да се запознаете со главните проблеми и размислувања во оваа област;
- да ја процените моменталната состојба во вашето училиште;
- да планирате понатамошен развој;
- да водите професионален развој.

Читањето на воведот и делот за училишното лидерство, а можеби и размислувањето за стимулативните прашања, треба да биде доволно за да се запознаете со основните прашања. За пошироко истражување на проблемите, треба да продолжите на другите делови, размислувајќи за прашањата во од.

Ако се користи со лидерскиот тим како дел од формалниот процес на разгледување и развој на училиштето, членовите на тимот можеби ќе сакаат прво да одговорат на стимулирачките прашања поединечно, а потоа да разговараат за своите одговори меѓусебно како основа за дискусија.

Во Прилог I, ќе најдете кратка листа за проверка на практични активности што може да ги преземат училишните лидери и лидерски тимови за развој на стратегија за справување со контроверзии и предавање на контроверзни прашања. Оваа предложена акција произлегува од деветте делови во алатката и ги сумира проблемите и прашањата покренати таму. Се нуди како понатамошен водич за размислување и за помош во процесот на планирање.

За да разберете повеќе за теоретската позадина на алатката, можеби ќе сакате да ја прочитате и анализата на опсегот во Прилог II. Алтернативно, анализата на опсегот може да се користи како почетен стимул за активности за подигање на свеста.

## Како е развиена алатката?

Алатката е развиена преку шемата на пилот проекти „Човекови права и демократија на дело", заеднички организирани од Советот на Европа и Европската комисија. Ја дизајнираа и пилотираа претставници на европските земји вклучени во овој пилот проект.

Алатката се надоврзува на Живеење со контроверзии, пакетот за професионална обука за наставници развиен во првата фаза од проектот.[3] Инспирација црпи и цели на Повелбата на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права[4] и Декларацијата за промовирање на граѓанството и заедничките вредности на слобода, толеранција и недискриминација преку образование (Париска декларација).[5] Ги рефлектира основните вредности на Советот на Европа - демократија, човекови права и владеење на правото - и неговата неодамнешна работа на компетенциите за демократска култура.[6]

---

[3] https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016806948b6.
[4] www.coe.int/en/web/edc/charter-on-education-for-democratic-citizenship-and-human-rights-education.
[5] http://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016806ac875.
[6] www.coe.int/t/dg4/education/Source/competences/CDC_en.pdf.

Поглавје 1

# Училишно лидерство

Вклученоста и посветеноста на училишните лидери и вишите раководители е главниот фактор што влијае на пристапот кон контроверзните прашања во училиштата. Дали овие прашања се решаваат спорадично преку одделни предмети или се сметаат за дел од пошироката училишна стратегија, во голема мера зависи од училишните лидери и лидерски тимови.

Во овој дел, од вас се бара да размислите за улогата на училишните лидери и вишите раководители во развивање стратегија за справување со контроверзни прашања.

## Како започнувате да развивате стратегија?

Првиот чекор во развивањето на стратегијата е да се подигне свеста во рамките на вашата училишна заедница - кои се контроверзни прашања, каде можат да се појават, зошто се важни и како може да се решат. Тоа значи ставање контроверзни прашања на образовната агенда на вашето училиште. Ова најдобро се постигнува не со „кажување“ на луѓето, туку со стимулирање разговори - обезбедување можности на членовите на училишната заедница отворено да зборуваат за какви било прашања во наставната програма за кои се загрижени.

Во прв степен, ова значи иницирање на темата со наставнички кадар, или на состаноци на целиот персонал или на одделенски или годишни состаноци. Наставниците можат да бидат охрабрени да ги идентификуваат темите што најмногу ги загрижуваат, да дискутираат за нивната загриженост и да објаснат како се обидуваат да се справат со нив во пракса. Со покренување на темата и утврдување на главните грижи, групи наставници можат да бидат охрабрени доброволно да експериментираат со некои нови форми на пракса - на пример, испробување на различни техники или методи на учење, соработка со колеги кои предаваат различни предмети или координирање на праксата низ предметен оддел или година.

Штом овој процес започне, ќе биде можно да се покрене прашањето со другите засегнати страни, како што се учениците и родителите. Тие можат да бидат охрабрени да ги идентификуваат прашањата што ги сметаат за контроверзни и да ги споделат своите сопствени искуства за тоа како се справуваат со нив во училиште. Ова потоа може да се пренесе во целокупниот развоен процес.

Овие процеси, колку и да се неформални, одземаат време и за нив се потребни ресурси - особено ако е потребна обука на вработените и професионален развој. Според тоа, дел од градењето стратегија е да се распредели на почетокот соодветно количество време и ресурси. Ова е само една причина зошто, иако не е целосно неопходен, процесот веројатно е најдобро да се спроведе како дел од формалниот циклус на планирање и развој на вашето училиште.

**Во однос на вашето училиште, каде би рекле дека е најдобро место да се започне со подигање на свеста на темата за контроверзни прашања? Зошто?**

## Кои работи треба да ги знаете пред да почнете?

Пред да започнете, важно е да имате јасно разбирање за тоа како контроверзните прашања во моментот се решаваат во вашето училиште.

Ова значи, пред сè, проценка на вештините и ставовите на вашиот наставнички кадар - на пример, нивните нивоа на самодоверба и нивната способност да се справат со спротивставени мислења. Но, наставата во училница е само еден дел од приказната. Справувањето со контроверзиите е грижа за целото училиште. Она што се случува во училницата е интимно поврзано со она што се случува во училиштето како целина и исто така во заедницата надвор од училиштето - и позитивно и негативно.

На пример, дебатите во училницата можат да се вжештат и да создадат конфликт во училиш-ната заедница, што пак може да создаде поголем конфликт или да привлече внимание надвор од училиштето. Добрите односи помеѓу групите надвор од училницата ја олеснуваат диску-сијата за разликите во неа. При проценка на моменталната состојба во вашето училиште во однос на контроверзни прашања, затоа, исто така, ќе треба да земете предвид низа пошироки училишни фактори, како во, така и надвор од училиштето.

## Што треба да знаете за вашиот наставнички кадар?

Во суштина, она што треба да го знаете за вашиот наставнички кадар може да се сведе на три работи: нивниот став кон наставата за контроверзии; нивните искуства во тоа; и тековните методи што ги користат. Таквите информации можат да се добијат неформално во првичните активности за подигање на свеста или, доколку се претпочита, преку одговори на кратка формална консултација. Особено е важно да се открие, на пример, дали некој има очигледни предрасуди за некое прашање и дали таа личност можеби им ги соопштува своите предрасуди на студентите.

**Вештини и ставови на наставникот: некои можни прашања за преглед**

- Колку наставниот кадар е запознат со поимот „контроверзни прашања" и неговата дефиниција?
- Кои прашања наставниот кадар во моментов ги идентификува како контроверзни?
- Колку добро наставниот кадар ги разбира образовните причини за предавање на контроверзни прашања?
- Колку самодоверба има наставниот кадар за решавање на контроверзни прашања во училницата?
- Како наставниот кадар ја гледа својата улога во однос на спротивставените ставови и мислења?
- Какви видови на наставни методи и пристапи користи наставниот кадар во моментов?
- Колку е конзистентен пристапот низ училиштето?
- Кои примери на добри практики треба да ги споделува наставниот кадар?
- Кои примери на партнерства и соработки треба да ги споделува наставниот кадар?
- Кои форми на обука или професионален развој, доколку ги има, ги презел наставниот кадар неодамна во врска со предавањето на контроверзни прашања?

**Неформално, како би го оцениле моменталниот капацитет на наставниот кадар во вашето училиште во однос на предавањето на контроверзни прашања? Кои би рекле дека се главните области за преглед и развој?**

## Кои пошироки училишни фактори исто така треба да ги земете предвид?

Нешто потешко е да се наведат сите пошироки училишни фактори кои влијаат на справување со контроверзни прашања. Како прво, тие варираат од училиште до училиште; второ, има тенденција да биде тешко нивното утврдување.

Прашување на наставниот кадар за нивните ставови е важно; но за да стекнете поцелосно и поробустно разбирање, можеби ќе сакате да се консултирате со ненаставниот кадар, како и со ученици и родители, и да ја препрочитате документацијата за формалните училишни политики.

**Пошироки училишни фактори: некои можни прашања за преглед**

- Дали училиштето веќе има договорена политика за контроверзни прашања, било формално или неформално?
- Дали контроверзните прашања се наведени во другите училишни политики?
- Дали контроверзните прашања се споменуваат во училишните комуникации, како што се изјавата за мисијата, изјавата за етосот и вредностите, училишното мото или веб-страницата?
- Колку реалниот етос и културата на училиштето поддржуваат во решавањето на контроверзните прашања?
- Која улога ја има гласот на ученикот во управувањето со училиштето и донесувањето одлуки?
- Колку отворено учениците чувствуваат дека можат да зборуваат и да ги споделуваат своите разлики во училиштето?
- Какви се односите помеѓу различните групи во училиште и во локалната заедница?
- Кои прашања беа контроверзни неодамна, во рамките на училишната заедница, но исто така и на локално, регионално, национално ниво или на европско или меѓународно ниво?
- Дали постоењето на контроверзни прашања во наставната програма предизвика некаква загриженост во врска со благосостојбата на учениците, наставниците или родителите неодамна?
- Какви грижи имаат родителите во оваа област, доколку ги има?
- Какви грижи имаат, доколку ги има, организациите во заедницата?
- Дали справувањето со контроверзни прашања некогаш довело до негативен публицитет за училиштето?

**Што сметате дека се најзначајни фактори кои влијаат на предавањето на контроверзни прашања во вашето училиште - и позитивно и негативно?**

## Кои лидерски квалитети и компетенции се потребни за да се изврши промена во оваа област?

Контроверзните прашања можат да ги допрат најдлабоките верувања и вредности на луѓето. Оспорување на овие верувања и ставови може да изгледа како напад врз чувството за личен идентитет или врз групите со кои некој се идентификува. Никој во училишната заедница не е изземен од овие чувства - дури и училишните лидери и раководители. Затоа, влијанието за промени во оваа област бара посебни лидерски квалитети и компетенции.

**Некои клучни лидерски квалитети и компетенции**

- Подготвеност да размислите за сопствените културни претпоставки и пристрасности - како тие влијаат на водечките промени во различни ситуации
- Чувствителност кон различноста - разбирање и почитување на вредностите и верувањата на другите
- Партиципативно лидерство - сериозно слушање на алтернативни ставови и градење и зајакнување на тимови
- Способност за предизвикување на отпорот без закана - подготвувајќи ги луѓето за промени, воедно водејќи сметка за нивната историја и култура
- Способност да се одговори на контроверзии пропорционално - знаејќи кога да се интервенира, а кога не, и како брзо да се реагира за да се спречи криза
- Водење со пример - користење инклузивен јазик, чувствителност на културните разлики притоа останувајќи верен на сопствените вредности
- Познавање на нечија училишна заедница - опсегот на вредности и верувања што ги опфаќа, нејзините различни интересни групи и критички бројки

**Во однос на лидерските квалитети и компетенции потребни за да се изврши промена во однос на справувањето со контроверзни прашања, кои би рекле дека се вашите главни силни и слаби страни?**

**Студија на случај: Интегриран колеџ Њу-Бриџ, Северна Ирска, Велика Британија**

Интегрираниот колеџ Њу-Бриџ е мешано училиште за деца од 11 до 18 години во Северна Ирска. Училиштето има ученици од главните католички и протестантски традиции и од етнички малцински групи. Потребата да се развие постратешки пристап кон справување со контроверзни прашања во училиштето беше нагласена од проблемот што се појави во англискиот оддел.

Користењето на романот „Дете од блато“ (The Bog Child) на часовите по англиски јазик предизвика сомневања кај некои родители и локални политичари кои ја доведуваа во прашање неговата соодветност како училишен текст. Романот е сместен во позадината на „Проблемите“ и штрајковите со глад во Северна Ирска во 1980-тите години. Се сметаше дека учениците ќе имаат спротивставени ставови во врска со прашањата покренати во книгата, што може да доведе до тензии во училницата и во училиштето воопшто, ако тие се игнорираат.

Директорот на училиштето гледаше на предавањето и учењето за контроверзни прашања како важен начин за унапредување на почитувањето на различноста и инклузијата во училиштето. Обезбедување на можности за учениците да дискутираат за контроверзни прашања во поволна клима ќе им овозможи подобро да ги разберат сопствените и ставовите на другите. Исто така, ќе им овозможи да ги развијат своите комуникациски вештини и да научат како со почит да не се согласуваат со другите.

Затоа, директорот и тимот на виши лидери ги препознаа контроверзните прашања како област за развој на целото училиште во годишното оценување на училиштето и процесот на планирање на развојот. Ова беше дел од пошироката цел за промовирање на различноста и инклузијата.

Првата фаза од процесот беше собирање информации. Првично, ова вклучуваше состаноци со раководителите за англиски јазик, историја, локално и глобално граѓанство и верско образование. Подоцна, беа консултирани и други наставници и ученици за да се добијат нивни ставови за предавањето на контроверзни прашања. Во исто време, извршена е ревизија на праксата низ сите предмети и разгледувани беа изјавата за мисијата на училиштето, целите и основните вредности за да се истражи како тие се поврзани со справувањето со контроверзи во училиште.

Самоевалуацијата на училиштето откри значајни области на добра практика и низа можности во сите предмети за предавање на контроверзни прашања. Но, исто така, беше потенциран недостатокот на заедничко разбирање за тоа што го прави едно прашање контроверзно и на доследност во пристапот кон предавањето и учењето, немање експлицитно повикување на контроверзни прашања во училишните политики и дека на некои наставници им е непријатно или им недостига самодоверба и / или вештини да предаваат одредени прашања.

Врз основа на прегледот, директорот и тимот на виши лидери идентификуваа три главни области за развој на училиштето.

- Јасност во врска со наставните процедури и улогите и одговорностите на наставникот
- Конзистентност на пристапот низ предметите
- Стручен развој и обука

Врз основа на практиката што веќе постоеше во училиштето, тие воведоа низа иницијативи за решавање на трите области. Тие го вклучуваа следново.

- Преглед и ревизија на училишните политики поврзани со контроверзни прашања, на пример, пасторална грижа и советување
- Работење заеднички со раководителите на предметните одделенија и наставниците за развивање целосен училишен пристап кон предавање на контроверзни прашања, на пример, за создавање отворена и поддржувачка клима во училница
- Развивање на училишно упатство за предавање на контроверзни прашања за наставниците, учениците, родителите и управителите на училиштата
- Создавање материјали за поддршка на наставниците, на пример, брзи картички за тоа како да одговорите и да се справувате со одредени прашања
- Соработка помеѓу предмети, на пример, поврзување историја, англиски јазик, информатичка и комуникациска технологија и уметност во проект за „Проблемите“
- Обезбедување на можности за професионален развој, на пример, преку денови за обука и состаноци на предметното одделение[7]

## Од каде да започнете?

Ако сте заинтересирани да ги развивате вашите професионални компетенции во врска со справување со контроверзни прашања, добар начин да започнете е со размислување за сопствените верувања и вредности и како тие влијаат на начинот на кој ја промовирате и водите оваа област во вашето училиште. Одвојте момент и повлечете се и погледнете во себе. Забележете какви било предрасуди што мислите дека ги имате во врска со луѓето поради нивниот пол, религија, етничка припадност, сексуална ориентација или други форми на идентитет. Или за какви било прашања каде што имате особено силни ставови. Искрено оценување на сопствените верувања и вредности е првиот чекор кон ефективно лидерство во оваа област.[8]

7. http://ccea.org.uk/sites/default/files/docs/curriculum/area_of_learning/NewBridge_CaseStudy.pdf.
8. See “Baggage check”, activity 1.5 in the training pack:
https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016806948b6.

Поглавје 2

# Училишен етос и култура

Училишната култура игра значајна улога во начинот на решавање на контроверзните прашања во училиштата. Дискутирање на контроверзни прашања може да биде непријатно и тешко искуство за наставниците и учениците; а, за родителите, причина за загриженост. Воспоставувањето средина во која дискусијата за контроверзни прашања активно се охрабрува и поддржува е клучна за зајакнување на праксата во оваа област.

Во овој дел, од вас се бара да размислите за улогата на училишната култура во развивањето стратегија за справување со контроверзни прашања.

## Каков вид на училишна култура подразбира ова?

Вид на култура што веројатно ќе ја поттикне и поддржи дискусијата за контроверзни прашања е онаа што е:

- безбедна - секој е во можност јавно да се изрази без потсмев или закана од виктимизација или малтретирање;
- добредојдена - сите се познати како индивидуи и се чувствуваат дел од училишната заедница;
- отворена - на секого му е дозволено да формира свое мислење, да испроба нови идеи и да разговара и да дебатира за теми;
- инклузивна - секој може да учествува во сите училишни активности, вклучително и оние со попреченост и од различно потекло и да добие соодветна помош кога е потребно;
- демократска - секој има право на збор во донесување одлуки во училиштето и се охрабрува да придонесе за решавање на училишните проблеми;
- заснована на права - се почитуваат правата на секого: како што се правото на слобода на изразување, верување и религија, еднаквост, приватност и слобода од понижувачки третман.

**Студија на случај: Основно училиште Ловензан, Германија**

Основното училиште Ловензан, во Берлин-Нојкелн, се наоѓа во област каде што живеат многу семејства имигранти, главно од турско и арапско потекло. Имало насилство меѓу учениците што вклучувало и припадници на локалната заедница. Училишното игралиште било отворено и секој можел лесно да пристапи однадвор. Исто така, имало конфликт меѓу наставниот кадар, особено околу тоа кои се најсоодветните наставни методи за учениците.

Раководството на училиштето се состанало со претставници на фондацијата „Амадеу Антонио“ да разговараат што можат да се направи во врска со оваа ситуација. Фондацијата „Амадеу Антонио“ е посветена на унапредување на демократската култура преку заштита на малцинските права. На крајот, раководството на училиштето одлучи да стори нешто во врска со правата на децата и училишните правила, со цел да ги интегрира правото на учество на учениците и слободата на мислење во процесот на одлучување за училишните правила.

Фондацијата организирала серија работилници со различни засегнати страни, вклучително и родители и членови на заедницата за тоа како да се воведе подемократски пристап кон донесувањето правила и поголема вклученост од самите ученици. Ова опфаќало ученички работилници за сите одделенија во 6 година (5. Klasse). Во секоја група имало голем број предлози за правила преку процес на демократска расправа - гласањето се користело како крајно средство.

Предлозите до кои се дојде на овој начин беа пренесени до сите групи. Претставниците на учениците дискутирале за нив во своите одделенија и предложиле измени каде што било потребно. Последниот чекор бил да се донесат правилата од раководното тело на училиштето.

Над 40 правила биле креирани преку дискусиите на овие работилници. Персоналот и студентите го поздравиле пристапот и известиле како тој придонел за подобрување на односите и за развој на поотворена и поинклузивна училишна култура.[9]

**До кој степен би рекле дека културата во вашето училиште поттикнува дискусија за контроверзни прашања, што се појавуваат преку наставната програма и во самата училишна заедница?**
**Дали има области на контроверзии за кои преовладувачката култура во вашето училиште ги обесхрабрува луѓето да дискутираат - или учениците или персоналот? Ако е така, кои прашања и зошто?**

## Како го одредувате сегашниот статус на културата на вашето училиште?

Училишната култура се состои од вредности, верувања, ставови и однесување што го карактери-зираат училиштето. Иако не е секогаш лесно тие прецизно да се препознаат, постојат различни методи што можете да ги користите за да добиете општо чувство за тоа каква е состојбата во вашето училиште. Тоа е прашање што може да го покренете кај наставниот кадар при првично воведување во областа на контроверзни прашања, или неформално или, доколку е подобро, преку одговори на кратка формална консултација.

За да не добиете еднострана слика, важно е исто така да ги имате перспективите на учениците и родителите. Истражувањата за ставот на учениците се широко достапни, како и мерките за училишниот етос. Сепак, освен ако не започнувате со целосен преглед на училишната култура, веројатно ќе биде поедноставно да се фокусирате на аспекти што се најдиректно поврзани со контроверзни прашања. (Од ова дури може да произлезе целосен преглед). Ова значи избор на мал број релевантни прашања што би можеле да се однесуваат на сите засегнати страни и собирање одговори на нив или неформално во мала фокус група или индивидуално во писмена форма.

**Училишна култура: неколку можни прашања за преглед**

Во ова училиште:

- Како се однесуваат другите кон вас?
- Колку се чувствувате безбедно?
- Дали знаете кому да се обратите кога има некаков проблем?
- Колку добро мислите дека ве слушаат?
- Какви можности имате да ги искажете своите мислења?
- Колку често имате шанса да разговарате за своите мислења со другите?
- Колкав е вашиот глас во училишните правила и одлуки?
- Колку добро мислите дека се мешаат ученици од различно потекло?
- Колку е добредојдено за лицата со попреченост, од различен пол или сексуална ориентација, или од различни етнички или религиозни групи?

## Какви вредности можат легитимно да промовираат училишта?

Иако од училиштата генерално се бара да останат неутрални во однос на вредностите на нивните засегнати страни, постојат ситуации кога тоа не е секогаш можно. Од време на време треба да се донесуваат одлуки за тоа што е и што не е прифатливо - во однос на слободата на говорот, стандардите на однесување, училишната униформа итн. Природно се поставува прашањето: во такви ситуации, чии вредности е легитимно да се промовираат?

9. Frank and Huddleston (2009), pp. 34-5.

Во европските земји, одговорот е вредностите на демократијата и човековите права. Ова е затоа што демократијата и човековите права не се сметаат за сопственост на која било индивидуа или група, туку се универзални за човештвото. Тие се исто така поддржани од Повелбата на Советот на Европа за образование за демократско државјанство и образование за човекови права[10] со која се согласија сите држави на Советот на Европа и промовирани во Париската декларација,[11] потпишана од европските министри за образование. Примената на овие вредности не е секогаш едноставна бидејќи во пракса тие понекогаш се судираат, но дава легитимитет на училишното донесување на одлуки кој инаку не би го имало.

**Вредностите поврзани со демократијата и човековите права вклучуваат:**

- еднаквост
- правда и правичност
- достоинство
- почит
- недискриминација
- ненасилство
- слобода на изразување
- учество.

**Колку би рекле дека културата на вашето училиште е поткрепена со вредностите на демократијата и човековите права?**

**Дали во документите за училишна политика се прави експлицитно повикување на демократијата и човековите права? Ако е така, во кој контекст?**

## Зошто е важно да се биде јасен и да се соопштуваат овие вредности?

Јасноста во врска со овие вредности им дава на наставниците репер според кој треба да проценуваат што е, а што не е прифатливо во училницата и ги зајакнува да пристапуваат кон контроверзни прашања со поголема самодоверба. Ги насочува учениците во сопственото однесување и во односите со другите. Пренесувањето на овие вредности до родителите и пошироката училишна заедница им помага да ги согледаат стандардите врз кои работи училиштето и дека не постои „скриена агенда".

Од овие причини, важно е да се обидете да ги пренесете овие вредности и да објасните од каде доаѓаат кога и да можете; на пример, во изјавата за мисијата на училиштето, изјава за основните вредности или училишното мото.

**Колку се свесни членовите на вашата училишна заедница - наставници, ученици, родители и други - за наведените вредности на вашето училиште? Што мислите, како би ги опишале ако ги прашаат?**

## Како помага поставувањето основни правила?

Основните правила за дискусија и дебата им даваат на наставниците и учениците поголемо чувство на безбедност кога пристапуваат кон контроверзни прашања, било да е тоа во училница или во други средини, како училишниот совет. Тоа им дава самодоверба да преземат повеќе ризици - на пример, наставниците да се справат со повеќе предизвикувачки прашања и учениците да бидат поотворени во однос на своите ставови. Општо земено, основните правила имаат тенденција да бидат поефикасни во овој поглед кога самите ученици учествувале во нивното изготвување.

**Колку е вообичаена практиката за поставување основни правила за дискусија во вашето училиште? Дали се применува во сите предмети или училишни години, или само некои?**

**Дали мислите дека ова треба да биде прашање на училишна политика или да се остави на дискреција на одделни наставници?**

---

10. www.coe.int/en/web/edc/charter-on-education-for-democratic-citizenship-and-human-rights-education.
11. http://ec.europa.eu/education/news/2015/documents/citizenship-education-declaration_en.pdf.

## Од каде да започнете?

Ако сте заинтересирани за развој на подобро разбирање на културата на вашето училиште и како тоа веројатно ќе влијае на справување со контроверзни прашања, добар начин да се започне е со шетање низ училиштето со репрезентативна група на засегнати страни - да речеме, наставник, ученик и родител - да се соберат нивни впечатоци за работите што ги гледаат и што тие им кажуваат за основната култура. Може да го испробате ова и со различни групи, како што се идни родители или поранешни ученици. Перцепциите на учениците се особено важни. Можеби е корисно да имате неколку едноставни брзи прашања (видете погоре).

Поглавје 3

# Настава и учење

Доследноста во наставата и учењето создава клима каде наставниците и учениците знаат што да очекуваат и како да се однесуваат. Гради средина за учење која е и безбедна и привлечна, давајќи им на наставниците самодоверба да се справат со нови и попредизвикувачки прашања и ги охрабрува учениците да бидат поотворени во врска со своите мислења и подготвени да разговараат и да дебатираат за нив.

Доследноста е исто така форма на контрола на квалитетот и управување со ризикот. Ги подига стандардите во учењето на предметите и го намалува ризикот од проблеми што се појавуваат во училницата или од нивно излевање во училиштето или пошироко во заедницата.

Во овој дел, од вас се бара да размислите за улогата на доследноста во наставата и учењето при развој на стратегија за справување со контроверзни прашања.

## Што значи доследноста во однос на контроверзни прашања?

Да се цени доследноста не значи дека наставниците треба да бидат слични во секој поглед. Наставниците се индивидуалци и нивната индивидуалност треба да се почитува. Треба да им биде дозволено да развиваат професионален стил кој најмногу одговара на нивната индивидуална личност. Наместо тоа, доследноста во овој контекст се однесува на развој на заеднички идеи и практики кои одат во корист на целата училишна заедница - наставниците, како и учениците и родителите.

Во врска со контроверзните прашања, области каде што доследноста е највредна вклучуваат:

- што се контроверзни прашања
- што го прави едно прашање контроверзно
- причини за предавање за контроверзни прашања
- промовирани вредности
- основни правила за дискусија
- однесување во училница
- споделување на методи и стратегии за учење
- управување со дискусија и дебата
- управување со емоционалните одговори на учениците
- мислења за чувствителноста на прашањата.

**До кој степен би рекле наставниот кадар во вашето училиште работи на заедничка агенда во своето предавање за контроверзни прашања?**

**Дали има некои аспекти на наставата и учењето за контроверзни прашања каде што сакате да видите поголема доследност? Ако е така, кои и зошто?**

## Како се развива доследноста?

Најефективниот начин да се развие доследноста во наставата и учењето е преку создавање можности за персоналот да работи заедно, да планира лекции и заеднички да развива стратегии. Наставниците можат меѓусебно да се поддржуваат и да споделуваат практики меѓу одделенија и оддели. Постојат голем број на различни техники за поттикнување на ова.

**Градење доследност во наставата и учењето: некои можни техники**

- Заедничко планирање – таму каде контроверзното прашање ги преминува границите на предметот, наставниците од различни предмети заеднички ја планираат наставата за проблемот
- Тимска настава - каде колегите со различни лични мислења за некое прашање го делат предавањето на проблемот
- Колегијално набљудување - каде искусни и помалку искусни наставници се набљудуваат како предаваат лекција за истото прашање
- Партнери на сцена - каде наставник во основно училиште поддржува новоквалификуван наставник или поискусен колега кој е преместен во фаза или одделение што не го предавале веќе некое време
- Критички пријатели - каде наставникот се здружува со мал број критички пријатели за да ја разгледаат сопствената практика, да се набљудуваат меѓусебно во наставата и да пружаат едни на други конструктивни повратни информаци

**Дали во моментов во вашето училиште се преземаат формални или неформал-ни иницијативи во врска со зајакнувањето на практиката во наставата за контро-верзни прашања? Ако е така, кои се тие?**

## Како најдобро се управува со процесот на развој?

Иако одговорноста за наставата и учењето е на крај на раководителот на училиштето, секој-дневната одговорност веројатно е најдобро да се додели на некој што е во можност да пристапи на попрактичен „активен“ пристап. Има две можности:

- координатор или ментор - некој со добро разбирање на областа, способен да даде пример и со доволен авторитет да управува со иницијатива ширум училиштето;
- тинк-тенк или работна група - мала група на вработени кои се заинтересирани за контроверзни прашања, а извлечени од низа предмети или училишни години, со задача да ги вклучат учениците кога е потребно.

**Студија на случај: ОУ „Лијепа Наша“, Тухељ, Хрватска**

За време на летна академија во Црна Гора, тројца членови на основното училиште „Лијепа Наша“ - раководител, одделенски наставник и наставник по англиски јазик - воспоставија проект чија цел е подигање на свеста на учениците за важноста на комуникацијата во конфликтни ситуации и стратегиите што тие можат да ги користат за решавање на таков конфликт.

По враќањето на училиште, тимот за колегите организираше серија работилници за методите на предавање и учење кои промовираат толеранција, ненасилно решавање конфликти и емпатија во училницата. Работејќи со групи одделенски наставници, тие им помогнаа на колегите да вклучат активни методи на учење во нивната секојдневна предметна настава - како што се дебати, играње улоги и презентации - на постојана основа, со цел да ги поддржат учениците во изразувањето и споделувањето на нивните мислења, земање учество во дискусиите и преговарање за одлуките на групите.[12]

**Според вас, колку е важно да има формален систем за координација и промовирање на наставата за контроверзни прашања? Зошто?**

## Од каде да се почне?

Ако сте заинтересирани за развој на подоследен пристап кон предавањето на контроверзни прашања, добар начин да започнете е со создавање едноставна ревизија на доследноста. Тоа вклучува составување краток список на изјави во врска со предавањето на контроверзни прашања и барање од наставниот кадар да ги оцени во смисол на перцепираната доследност во училиштето на скала „во целост се согласувам“ / „во целост не се согласувам“. Ставките може да опфаќаат: разбирање на причините за предавање на контроверзни прашања, користење на основни правила, природата на промовираните вредности и стратегии за предавање и учење.

12. Huddleston (2014), p. 12

Поглавје 4

# Наставната програма

Наставата за контроверзни прашања не се одвива во вакуум, туку е дел од целата училишна програма. Иако самата формална наставна програма честопати не може да се менува, начинот на нејзино спроведување може да направи значителна разлика во начинот на справување со контроверзните прашања. Начинот на кој наставната програма како целина може да се користи за поддршка во решавање на контроверзните прашања е важен елемент во зајакнувањето на практиката во оваа област.

Во овој дел, од вас се бара да размислите за улогата на наставната програма како целина во развојот на стратегија за решавање на контроверзни прашања.

## Како може целата наставна програма да се користи за поддршка на решавање на контроверзни прашања?

Целата наставна програма може да се искористи за поддршка на решавање на контроверзни прашања на два главни начина. Прво, со создавање поддржувачка клима за учење: клима во која контроверзиите не се сметаат како нешто за што треба да се стравува, туку како природен дел од животот во демократија; се истражуваат различни гледишта; на прашања што се однесуваат на различноста и идентитетот се пристапува со чувствителност; и дискусијата, а не заплашувањето и насилството, се смета за начин за решавање на конфликтот.

Второ, преку пружање можности за учениците да ги развиваат и практикуваат меѓучовечките и критичките вештини потребни за конструктивно да се ангажираат со контроверзиите. На пример, слушање, изразување мислење, расправа за некоја точка, препознавање пристрасност, проценка на докази и аргументи, и барање алтернативни толкувања и гледишта.

## Што значи ова во пракса?

Во пракса, ова значи охрабрување на персоналот да види дека контроверзните прашања не се само грижа на неколку субјекти, туку дека сите субјекти можат да имаат улога. Процесот започнува со изнаоѓање начини да му се помогне на персоналот да воспостави врски помеѓу различните контроверзни прашања и предметите што ги предаваат.

**Утврдување на можностите за наставната програма: групна вежба за планирање**

Наставниот персонал организира групи за да размислат за примери на прашања што во моментот се контроверзни - во училиштето, локално, регионално, национално и меѓународно. Тие најпрво ги идентификуваат прашањата што веќе се опфатени во училишната програма и ги ставаат на една страна. Потоа, размислуваат за преостанатите прашањата (кои веројатно ќе бидат побројни) и ги оценуваат во однос на тоа колку мислат дека се релевантни за животот на младите денес.

Тие избираат што мислат дека е најрелевантно од овие и се обидуваат да направат врски помеѓу нив и различните предмети во наставната програма. Потоа групите известуваат за врските до предметните оддели или предметните раководители кои разгледуваат како овие прашања можат да ги вградат во нивната предметна настава. Оваа вежба најдобро се изведува со мешани групи наставници од различни предмети и е корисна за почетно подигање на свеста за областа.

**До кој степен одговорноста за справување со различностите и разликите ја гледа персоналот во вашето училиште како прашање за целата наставна програма?**

**Колку ви е вам важно на тоа да се гледа како прашање од целата наставна програма? Зошто?**

## Како можат сите предмети да придонесат?

Сите предмети можат да придонесат на бројни практични начини во процесот на развој на средина за учење што промовира и поддржува решавање на контроверзни прашања.

**Како сите субјекти можат да придонесат: некои можни активности**

- Идентификување на различностите што природно произлегуваат од предметот - вклучително и каде доаѓаат предвид спротивставени мислења, повеќе перспективи, судири на вредности и културни или други разлики.
- Користење на проблеми од реалниот живот и решавање проблеми за поддршка на учењето - вклучувајќи решавање училишни проблеми, како дискриминација и малтретирање.
- Обезбедување на можности за самоизразување и дебата на учениците - вклучувајќи работа во мали групи и од цело одделение.
- Развивање на вештини за меѓучовечко и критичко размислување - вклучувајќи вештини за дискусија и дебата.
- Поттикнување на студентите да предлагаат свои идеи за теми на дискусија – вклучувајќи надоврзување на спонтани предлози каде што е соодветно.

**Во моментов, колку добро мислите дека наставната програма во вашето училиште го поддржува управувањето со контроверзни прашања?**

**Дали има области што би сакале да ги развивате понатаму? Ако е така, кои области и зошто?**

**Според вас, кои се главните тешкотии за водечки промени во оваа област?**

## Што нудат различни предмети?

Иако постојат голем број практики што сите предмети можат да ги вметнат во својата настава, секој предмет исто така нуди и нешто единствено. Затоа, поттикнувањето на наставниците да размислуваат за видовите контроверзии и увидот во контроверзиите со кои нивниот предмет е единствено опремен да се занимава е исто така важен дел од развојниот процес во оваа област. Иако ова се разликува од земја до земја, некои општи примери може да го вклучуваат следново.

- Книжевност - увид во лични прашања, како што е сексуалноста; социјални прашања, како што се расизмот и еднаквоста; промените во ставовите кон прашањата со текот на времето.
- Јазик - увид во други земји и култури; културни врски; различни ставови кон прашањата.
- Историја - повеќе перспективи за минатото; потеклото на национализмот, фашизмот, антисемитизмот и исламофобијата; развој на ставови за родот, сексуалноста и попреченоста.
- Наука - еволуција; климатски промени; експерименти врз животни; истражување на матични клетки; генетски модифицирана храна.
- Веронаука - верска разновидност; употреба на верски симболи како што се распетието и хиџабот.
- Здравствено и сексуално образование - сексуална ориентација; права на лезбејки, хомосексуалци, бисексуалци и трансродови лица; абортус; употреба на дрога.
- Математика - различни броеви системи; употреба и злоупотреба на статистика, како стапки на криминал и имиграција.
- Граѓанско и социјално образование - различни политички системи, политички партии, полити-ки и идеологии.

- Физичко образование - културни ставови кон спортот; родови обрасци во спортот; контроверзии, како допинг.
- Уметност - културни ставови кон уметноста; уметноста како пропаганда и протест; употреба на уметност за подигање на свеста.
- Информациско-комуникациска технологија - радикализација на младите преку социјални медиуми; порнографија; приватност на Интернет; е-демократија и онлајн кампања.
- Географија - локални прашања, како што се градење минаре, контрола на загадувањето, планирање и сегрегација; глобални прашања, како што се фер трговија, миграција, климатски промени и етички туризам.
- Музика - културни ставови кон музиката; музиката како пропаганда и протест; расистички и сексистички текстови во музиката.

**Студија на случај: ОУ „Вељко Дробњаковиќ“, Рисан, Црна Гора**

Иако веќе постоеше посебен предмет наречен „граѓанско образование“ во националната наставна програма, раководителот на училиштето сметаше дека тоа не е доволно и дека дискусијата за прашањата во врска со демократијата и човековите права треба да биде „водечка точка“ за наставниците од сите предмети. Ограничувањето на ова на еден предмет во наставната програма всушност не ги зајакна учениците да размислуваат и да се чувствуваат како активни граѓани.

Со помош на претставник на локална невладина организација и колега наставник, тој работеше со Наставничкиот совет на воведување релевантни прашања во низа различни наставни предмети, вклучувајќи англиски, италијански, географија, историја, биологија, социјална наука и наука.[13]

**Дали има некои примери на контроверзни прашања што во моментов се изоставени од училишната програма, за кои мислите дека треба да бидат вклучени? Ако е така, кои прашања и зошто? Идеално, во кој предмет (и) би ги лоцирале?**

## Од каде да почнете?

Ако сте заинтересирани да го охрабрите персоналот да вклучи повеќе примери на контро-верзни прашања во нивните предавања, добар начин да започнете е со одржување на сесија на „меѓупредметни брзи состаноци“. Организирајте соба со три столици од двете страни на секоја работна маса. Поделете го персоналот во групи од шест, а ниедна група да не содржи два члена од ист предметен оддел. Распоредете ја секоја група во три пара околу три маси. Секој пар треба да идентификува барем едно контроверзно прашање што се поклопува со двата нивни предмети. Ротирајте по едно место во група на секои неколку минути и повторете го процесот. Паровите ги запишуваат своите идеи и потоа разговараат за нив со остатокот од персоналот.

13. Huddleston (2014) p. 13

Поглавје 5

# Гласот на ученикот

Квалитетот на ученичкиот глас го дава тонот за дискусија и дебата генерално во училиште. Учениците на кои редовно им се дава збор за прашања што ги засегаат и чие мислење е сфатено сериозно, има поголема веројатност да ги ценат можностите за дискусија и да сакаат да придонесат. Поверојатно е да почувствуваат дека можат да зборуваат отворено и дека можат да се справат со спротивставени мислења и гледишта. Пред сè, поголема е веројатноста тие да развијат вештини за дискусија и дебата и да бидат способни да ги користат со сигурност. Затоа, гласот на ученикот очигледно е важен фактор во решавање на контроверзни прашања.

Во овој дел, од вас се бара да размислите за улогата на ученичкиот глас во развивањето стратегија за решавање на контроверзни прашања.

## Како гласот на ученикот придонесува за решавање на контроверзни прашања?

Ученичкиот глас придонесува за решавање на контроверзни прашања на три главни начини: (а) помагајќи да се создаде позитивен училишен етос и култура; (б) со збогатување на учењето; и (в) преку влијание врз училишната политика и донесувањето одлуки.

Ученичкиот глас помага да се создаде училишна средина, и во и надвор од училниците, во која се ценат сите придонеси и секој се чувствува вклучен. Тоа им дава на учениците чувство на заедништво и почит кон различностите и разликите.

Ученичкиот глас им овозможува на учениците да играат активна улога во училницата и во сопственото учење. Учениците можат да предложат и да изберат контроверзни прашања за дискусија, да влијаат на видот на наставни методи кои се користат, да помогнат во проверка на наставните материјали за пристрасност и да се изготват протоколи за гости говорници, како политичари и јавни службеници.

Ученичкиот глас им овозможува на учениците да влијаат на начинот на решавање на контроверзните прашања во нивното училиште: на пример, со давање повратна информација за начинот на решавање на контроверзни прашања, проценка на ефективноста на различните наставни методи, идентификување на различните потреби за учење во ученичката заедница, привлекување внимание на нови и очигледни контроверзии и учество во одлуки за заштитни мерки - како што е во врска со употребата на надворешни звучници или, каде што е соодветно, блокирање на пристапот до штетни веб-страници.

**Каков е генералниот став на вработените во вашето училиште кон улогата на ученичкиот глас, како во училницата, така и во училиштето како целина?**

**Дали има договорено гледиште за што служи и како може да се користи? Ако е така, какво е ова гледиште?**

## Како можете да го поттикнете ученичкиот глас?

Најважното нешто што можете да го направите за да го поттикнете ученичкиот глас е да осигурате дека ставовите и мислењата на учениците ќе бидат сфатени сериозно од возрасните во вашата училишна заедница - особено од вишиот персонал и оние кои имаат улога во управувањето со училиштата, без разлика дали се управители на училиштата или членови на училишниот одбор. Ученичкиот глас што се користи едноставно како форма на „аранжирање излог“ служи само за демотивирање на учениците и за поткопување на односите меѓу вработените и учениците.

Ова подразбира осигурување учеството на учениците да биде вистинско учество - дека учениците имаат можност да влијаат врз одлуките што навистина ќе го променат нивниот живот и животите на нивните врсници. Тоа исто така значи дека е осигурано можностите за учество да се достапни за сите, без оглед на возраста, способноста или потеклото. Важно е да се пренесе пораката дека сите групи во општеството имаат право на глас и дека сечиј глас е важен.

**Студија на случај: Ларк Рајз Академија, Дунстабл, Англија, Велика Британија**

„Ларк Рајз Академија" е основно училиште со ученици на возраст од 3 до 9 години. Преку систем на фокус групи, училиштето откри дека учениците не се задоволни од начинот на работа на училишниот совет. Тие сметаа дека не ги претставува учениците вистински. Одговорноста паѓа на само неколку ученици, додека повеќе сакаат да бидат вклучени. Исто така, имаше критика дека само учениците со добро однесување можат да служат.

Учениците сакаа да најдат нова структура што ќе им овозможи на сите ученици да учествуваат во донесувањето одлуки за тоа што се случува во училиштето. Тие одлучија да одржуваат неделни состаноци во одделенијата, кои ги нарекоа „pow wow".

Овие 30-минутни состаноци ги олеснува одделенскиот наставник, а записникот го води асистентот. Секое одделение во училиштето ќе дискутира за истите прашања, кои генерално ги поставува раководителот. Прашањата опфаќаат голем број теми кои поттикнуваат размислување, како што се домашните задачи, како да се направат повозбудливи лекциите за писменост, проблеми на игралиштето или правата на децата. Секој ученик е вклучен во овие сесии, вклучително и тригодишниците во јаслите. Од учениците се бара да размислат и да ги оправдаат своите одговори. Сите одговори се слушаат и се запишуваат. На учениците им се даваат повратни информации за сите одлуки донесени како резултат на овие сесии.[14]

**Колку што можете да заклучите, што чувствуваат вашите ученици за можностите за ученички глас во вашето училиште? Дали чувствуваат дека се цени нивниот придонес?**

**Во кои училишни прашања мислите дека учениците можат најкорисно да се изјаснат? Дали има некои училишни прашања во кои не треба да бидат вклучени? Ако е така, кои прашања и зошто?**

## Во што се разликуваат активностите со ученички глас?

Активностите со ученичкиот глас ги има на спектар. Наједноставно, активноста е ограничена на студенти кои ги изразуваат своите мислења; најсофистицирано, учениците можат да водат колективни акции од врсници и возрасни. На основно ниво, на учениците се гледаат како на извори на податоци за училиштето; на повисоко ниво, како лидери на промени. Со зголемување на возраста и зрелоста, учениците се способни да преземат посложени и поодговорни улоги. Сепак, на сите возрасти, повеќето ученици можат да извршуваат едноставни задачи во која било точка од спектарот и треба да бидат охрабрени да го сторат тоа. Колку повеќе се вклучени, толку се помотивирани. Достапни се низа различни типологии за ученичкиот глас.

**Активности со ученички глас: типологија**

Активностите со ученички глас можат да се сфатат како да постојат на едноставен спектар од самоизразување до лидерство.

- Изразување - доброволни мислења
- Консултации - прашани за нивно мислење
- Учество - присуствување на состаноци
- Партнерство - имаат формализирана улога во донесувањето одлуки
- Активизам - идентификуваат проблеми и генерираат решенија
- Лидерство - планираат и донесуваат одлуки[15]

**Каде во спектарот на активности со ученички глас, би ја лоцирале моменталната пракса во вашето училиште?**

14. www.smartschoolcouncils.org.uk/school-council-case-studies/lark-rise-academy/.
15. www.studentsatthecenter.org/sites/scl.dl-dev.com/files/Motivation%20Engagement%20Student%20Voice_0.pdf.

## Каков вид на поддршка е потребна?

Многу ученици ја немаат самодовербата да се изразат јавно, или потребните вештини за застапување во одредени активности со ученички глас. Најверојатно ќе биде потребен елемент на обука и поддршка од врсници, кој за возврат ќе има потреба од поддршка на менаџмент - на пример, во форма на координатор за ученички глас.

Квалитетот на ученичкиот глас во училницата лежи во прв ред е во рацете на наставникот во училницата. Делумно зависи од тоа како персоналот гледа на улогата на ученичкиот глас во наставата и учењето и колку е во можност да го олесни тоа. Олеснувањето на студентскиот глас се поклопува со олеснувањето на дискусијата и дебатата и бара слични вештини. Дотолку што на дискусиите за контроверзни прашања може да се гледа како на аспект на ученичкиот глас и обратно.

**Дали во моментов во персоналот на вашето училиште има некој кое е формално одговорен за гласот на ученикот?**

## Што ако се чини дека ученичкиот глас се судира со другите образовни агенди?

Важноста учениците да можат да зборуваат отворено и искрено е составен дел од идејата за ученички глас, како и за решавање на контроверзни прашања. Меѓутоа, постојат прилики кога ова може да се чини дека е во судир со другите образовни агенди, како што се промовирање на националните вредности или спречување на радикализација - на пример, во контекст на стратегијата „Prevent“ на британската влада. Лидерите на училиштата може да сметаат дека дозволувањето на учениците слободно да се изразуваат може да е во судир со должноста на училиштето да промовира одредени вредности.

Во вакви ситуации, важно е да се има предвид дека може да се очекува дека учениците понеко-гаш ќе изразат неконвенционални ставови. Ова е дел од природното експериментирање на младите и не мора нужно да се гледа како закана за „официјалните“ вредности на училиштето.

Исто така е важно да се запамети дека во европските земји, слободата на изразување е основно човеково право и може само легитимно да се ограничи заради заштита на друго човеково право.

**Дали во вашето училиште има други образовни агенди или императиви што се чини дека се во судир со гласот на ученикот? Ако е така, кои и како?**

**Кои други фактори имаат тенденција да ги спречат учениците слободно да зборуваат на училиште? Како, според вас, со нив најдобро се постапува?**

## Од каде да почнете?

Ако сте заинтересирани за развој на улогата на ученичкиот глас во вашето училиште, добар начин да започнете е со ревизија на лекција. Ова вклучува изготвување на краток прашалник за учениците, фокусиран на еден час. Прашањата треба да се однесуваат на можностите за учениците на тој час да изразат мислења, да разговараат за прашања, да даваат предлози, итн. Предупредете го персоналот за прашалникот, но не кажувајте им го денот кога ќе се користи. На денот по ваш избор, организирајте ги прашалниците да бидат поделени на крајот од еден од часовите. Учениците ги завршуваат на почетокот на следниот час, врз основа на часот кој штотуку го имаа. Вишиот персонал ги анализира резултатите и изготвува извештај. На целиот персонал му е дадена копија од извештајот и неговите заклучоци се користат во училишниот план за подобрување. Прашалниците можат да бидат дадени или на секој ученик во училиштето или само на ученици од едно училишно ниво.

Поглавје 6

# Насоки и поддршка

Соочувањето со контроверзни прашања може да биде предизвик и за персоналот и за учениците. Тоа покренува основни прашања за лојалноста и идентитетот. Исто така, буди силни емоции и може да биде застрашувачки и разединувачки. Потребата за лични насоки и поддршка, за наставниците, како и за учениците, е клучен фактор во решавањето на контроверзни прашања.

Во овој дел, од вас се бара да размислите за улогата на личните насоки и поддршка при развој на стратегија за решавање на контроверзни прашања.

## Во кои области наставниот кадар најверојатно ќе има потреба од поддршка?

Наставниот кадар веројатно ќе има потреба од поддршка од две главни причини. Првата е да им се помогне да ги надминат своите првични грижи во врска со предавањето на одредени прашања, за да се чувствуваат сигурно и да не избегнуваат да ги предаваат. Ова вклучува загриженост што произлегува од нивните сопствени морални или религиозни гледишта за некое прашање, за недостаток на предметно знаење или наставни вештини и за тоа што може да тргне наопаку, како што се нарушување на дисциплината, вознемиреност на учениците или родители кои се жалат.

Второ, на наставниците им е потребна помош за лично справување со проблеми што се јавуваат за време или како резултат на наставниот процес, на пример, тешкотии со дисциплината, закани по благосостојбата на учениците, групни конфликти или антагонизми, постапување на родителите, вознемирување или заканувачко однесување - или во или надвор од училиште. Ова вклучува помирување или справување со какви било лични предрасуди што може да ги имаат кои влијаат на нивното справување со некое прашање.

**Според вас, кои се најверојатните грижи што би ги имал персоналот во вашето училиште во врска со предавање нешто контроверзно?**

## Што може да стори управата на училиштето?

Најважната работа што управата на училиштето може да ја направи за поддршка на персоналот во стресни ситуации како овие е да се обиде да создаде атмосфера во која членовите на персоналот ќе се чувствуваат пријатно да побараат помош кога им е потребна. Тоа значи да се биде чувствителен и да се препознаат ситуации што можат да предизвикаат потреба од насоки или поддршка и постапување навремено и сразмерно кога ќе се појави загриженост. Тоа исто така значи давање дополнителна поддршка од вишото раководство во моменти на посебен стрес или тешкотија.

**Поддршка на персоналот во стресни ситуации: некои можни точки на акција**

- Развој на политики - јасна рамка која ги утврдува одговорностите на вишото раководство и персоналот за клучни прашања како што се однесување и дисциплина, комуникација со родители и надворешни организации
- Формални насоки - за предавање на контроверзни прашања, вклучувајќи совети за тоа како да се усогласат сопствените вредности за прашањата со вредностите од наставната програма
- Глас на наставникот - можности за наставниот кадар да ги искаже своите грижи, на пример, состаноци на вработените, работни групи
- Коучинг - можности за лична и емоционална поддршка од искусни колеги, вклучително и совети како да се решат нови и предизвикувачки проблеми
- Професионален развој и обука - за решавање на контроверзни прашања во училиште
- Поврзување на училишта - учење како персоналот во другите училишта пристапува кон тешки ситуации
- Помошни материјали - практичен референтен материјал што може да се користи на часови, како што се инструкции за тоа како да одговорите на несоодветни забелешки или јазик
- Ментор за контроверзни прашања - искусен колега кој може индивидуално да ги поддржува наставниците
- Воведување на персоналот - помагање на новиот персонал да се подготви за проблемите со кои може да се соочи при прво решавање на контроверзни прашања

**Колку пријатно, би рекле, му е на персоналот во вашето училиште барањето помош во стресни ситуации?**

**Дали имате некои посебни начини да му помогнете на персоналот кој може да се соочи со стрес поради тоа што треба да предава нешто што го смета за контроверзно? Ако е така, какви се тие?**

## Какви видови поддршка веројатно ќе им требаат на учениците?

Решавањето на контроверзни прашања е застрашувачко за учениците исто како и за наставниците, но на некој начин емоционалниот предизвик може да биде поголем за учениците. Учениците може да се чувствуваат загрозено и збунето кога ќе се соочат со ставови што се косат со оние на нивното семејство. Можеби се срамат да го кажат своето мислење стравувајќи од исмејување или давање „погрешен“ одговор. Можат да бидат малтретирани или да бидат предмет на расистички или други форми на злоупотреба заради нивните верувања – било лично или преку социјални медиуми, во училиште и пошироко.

**Дали имате искуство во вашето училиште со ученици на кои им е потребна лична поддршка во врска со некој аспект на наставната програма? Ако е така, за што станувааше збор и како одговоривте?**

## Што можете да направите за да одговорите на овие потреби?

Најважната работа што можете да ја направите за да одговорите на овие потреби е да се обидете да воспоставите средина каде што учениците ќе се чувствуваат безбедно и сигурно, ќе бидат охрабрени да зборуваат и ќе ги слушаат.

Ова значи дека персоналот ги познава учениците како индивидуи и е свесен за нивните различни потреби. Тоа исто така значи дека учениците знаат дека во училиштето има возрасни лица на кои можат да им пристапат ако се загрижени.

**Поддршка на учениците во стресни ситуации: некои можни точки на делување**

- Развој на политики - јасна рамка за тоа кој што прави во однос на областите како што се борба против насилство, е-безбедност и заштита на децата
- Стручна обука и развој за тоа како безбедно да се решат емотивни проблеми во училницата
- Формални насоки за препознавање кога благосостојбата на ученикот може да биде загрозена и како да се одговори на ова, вклучително и во врска со индоктринација во екстремистички идеологии
- Врсничка поддршка – лична поддршка или менторство за ученици од ученици обучени за таа цел
- Врсничка медијација - спорови меѓу ученици решени од обучени ученички медијатори
- Назначено заштитно лице - лице на кое учениците можат да се обратат за емоционална поддршка и кое е прва контакт точка за учениците, родителите, наставниот и ненаставниот персонал и надворешните агенции во сите прашања за заштита на децата
- Лично и социјално образование - лекции за справување со различните форми на притисок од врсниците
- Ангажман на родителите и заедницата - тесна соработка со родителите за прашања што се однесуваат на индивидуалната благосостојба на учениците, исто така и со претставници на заедницата, како граѓански и верски лидери

**Студија на случај: Домашни окрузи, Англија, Велика Британија**

Во селективно училиште во Домашните окрузи, единственото еврејско момче во училиштето им се пожали на своите наставници дека го малтретирал соученик од британско-пакистанско потекло, со помош и поддршка од други. Момчето го нарекувале „Христов убиец" и „убиец на Палестинците". Му рекле дека ќе се соочи со одмазда за злосторствата извршени од Евреите и дека холокаустот никогаш не се случил. Малтретирањето се одвивало секојдневно, не само во училиште, туку и на неговото патување со воз дома. Тој се повлекол во себе и започнал да одбива да оди на училиште.

Училиштето се обрати до службата на локалната власт за поддршка на малцински етнички достигну-вања за насоки и поддршка. Потоа, консултантот за врски закажа состаноци со раководителот на училиштето и вишите раководители за тоа како најдобро да се реши случајот. Од родителите на момчињата беше побарано да дојдат на училиште и беа водени дискусии со нив.

Беше одлучено дека најдобриот начин да се продолжи е да се поканат локалниот имам и раби-нот на еврејското семејство да учествуваат во дискусиите. И двајцата зборуваа за инцидентите со одговорните момчиња и со нивните родители. Тие исто така дадоа поддршка на засегнатото момче и на неговото семејство.

Имамот зборуваше на петочната молитва пред локалната муслиманска заедница за потребата од мир и помирување. Консултантот за врски ја продолжи оваа работа со спроведување на училишно собрание на кое се дискутираше за влијанието на расистичкото малтретирање, а на часовите по лична, социјална и здравствена едукација (ЛСЗЕ) учениците имаа можности со своите наставници поблиску да ги истражуваат проблемите и да дојдат до заклучоци за негативното влијание н расизмот и насилството врз училишната заедница. Повеќе не се случија инциденти на расистичко малтретирање.[16]

**Колку е вашето училиште добро подготвено за решавање на ученичките проблеми што произлегуваат од наставата за контроверзни прашања? Можете ли да се сетите на некои области што особено би сакале да ги зајакнете? Ако е така, кои области и зошто?**

## Од каде да почнете?

Ако сте заинтересирани да создадете поподдржувачка атмосфера за наставниот кадар, добар начин да започнете е со поминување на некое време во училницата со наставник кој сака помош при предавање на контроверзно прашање. Дајте му на наставникот некои специфични стратегии и објасни или играјте улоги како тие треба да се користат во училницата, на пример, како да се олесни дискусијата, различни форми на испрашување, итн. Кога го посетувате наставникот, ставете јасно до знаење дека сте таму за да ги набљудувајте стратегиите на дело, а не за која било друга цел. Бидејќи сте во собата, тоа му дава на наставникот можност да ги испроба стратегиите со мал ризик дека учениците нема да ги почитуваат. Колку повеќе време сте во можност да бидете во училницата, дури и ако сте на компјутер одзади, толку повеќе ученици ќе видат дека и вие и наставникот сериозно го сфаќате своето учење. Ако нема доволно време, обидете се да се менувате со други колеги од тимот виши лидери.

Поглавје 7

# Родителски ангажман

Не е невообичаено родителите да имаат резерви за тоа што ги учат нивните деца на училиште. Честопати тоа е резултат на едноставно недоразбирање. Во други прилики, тоа може да биде прашање на принцип - на пример, родител кој се противи нивното дете да се учи за одредени прашања врз основа на религиозна вера или политичка идеологија. Градењето односи со родителите може да помогне брзо да се расчистат недоразбирањата и да се реши загриженоста пред да станат сериозни. Затоа, тоа е важен аспект на постапување со контроверзни прашања.

Во овој дел, од вас се бара да размислите за улогата на градење односи со родителите при развивање стратегија за решавање на контроверзни прашања.

## Како се градат односите?

Видовите на односи што најдобро го поддржуваат решавањето на контроверзни прашања се оние што се засноваат на доверба. Родителите треба да чувствуваат дека училиштето работи со нив и во најдобар интерес на нивните деца и дека нема никаква „скриена агенда". Тие треба да чувствуваат дека секогаш кога ќе се појави контроверзно прашање, тоа ќе се учи чувствително и на избалансиран начин, почитувајќи ги различните гледишта - вклучувајќи ги и нивните. Постојат голем број начини на градење на ваков вид доверба.

**Градење на односи со родителите: клучни активности**

- Запознајте ги родителите и слушајте ги нивните ставови
- Направете да се чувствуваат вклучени
- Вклучете ги во животот на училиштето
- Информирајте ги за вашиот пристап кон решавање на контроверзни прашања

**До кој степен би рекле дека родителите во вашето училиште ја поддржуваат работата на училиштето?**

**Колку сметате дека е важно да се создаде атмосфера на доверба помеѓу училиштето и неговите родители? Како, според вас, ова е најдобро постигнато?**

## Како да направите родителите да се чувствуваат вклучени?

За родителите да се чувствуваат вклучени, треба да се однесувате кон нив како кон поединци. Исто така, треба да ја признаете нивната сопствена улога како воспитувачи на нивните деца. Пред сè, треба да направите да се чувствуваат добредојдени во училиштето; на пример, со тоа што ќе им го олесните контактот или закажувањето состанок со член на персоналот. Треба да се обидете да ги пренесете овие клучни пораки во вашите комуникации и во контактите со родителите: како преку логоа и училишно мото, изјави за мисии, училишни веб-страници, билтени, влезови во училиштата и области за прием на посетители, родителски вечери и училишни настани.

**Дали преземате посебни чекори за да им помогнете на родителите да се чувствуваат добредојдени во вашето училиште? Ако е така, какви се чекорите?**

## Зошто да се вклучат родителите во училишниот живот?

Што се однесува до контроверзните прашања, колку подиректно родителите се вклучени во училишниот живот, толку поверојатно ќе имаат повеќе разбирање и поддршка. Вклучувањето во училишниот живот им помага на родителите да видат од прва рака што се обидува да направи училиштето. Тоа помага да се расчистат сите недоразбирања и да се смират сите стравови што може да ги имаат.

Постојат голем број различни начини да се вклучат родителите во училишниот живот. Тие вклучуваат:

- Учество во консултации за училишната политика; на пример, истражување за училишниот етос. Колку родителите можат да бидат вклучени во вистинското донесување одлуки се разликува од земја до земја. Овластувањата од овој вид секогаш треба внимателно да се регулираат, при што придонесите за одлучувањето ќе бидат ограничени на формално конституирани тела, како што се организација на родители или управно тело на училиште, а на родителите не им е дозволено да ставаат вето на одлуките донесени во рамките на училиштето.
- Делувајќи како извор за учење на учениците; на пример, како дел од домашна задача за контроверзно прашање, учениците интервјуираат членови на семејството за нивните ставови и искуства; или одржување на „вечери на олеснет дијалог", во кои учениците покренуваат прашања што се однесуваат на одредено контроверзно прашање, а возрасните ја преземаат улогата на слушател, изразувајќи ги своите надежи и грижи за своите деца.
- Придонесување во наставниот процес; на пример, родителите кои имаат професионална стручност во одредена област од наставната програма, дејствуваат како гостински говорници за контроверзно прашање (како што се членови на медицинска професија или адвокати).

**Во која мера се обидувате да ги вклучите родителите во животот на вашето училиште? Кои методи ги користите?**

**Колку е важно за вас да се обидете да ги вклучите родителите во училишниот живот? Зошто? Каква цел сметате дека има?**

## Што би требало да им кажете на родителите за вашиот пристап во дискутирање за контроверзни прашања?

Бидејќи многу контроверзни прашања се појавуваат неочекувано, корисно е да ги информирате родителите за вашиот пристап кон дискутирање за овие прашања за подготвеност кога тоа ќе се случи. Ова може да се состои од кратка изјава во која се наведени основните принципи на вашиот пристап и репрезентативни примери за главните контроверзни прашања што се изучуваат. Доколку е потребно, може да се зголеми со неколку кратки белешки за местото на контроверзни прашања во наставната програма, придобивките од предавањето на контро-верзни прашања за учењето на нивните деца и како тоа ќе им помогне во животот надвор од училиштето.

Исто така е корисно родителите да се запознаат со сродните училишни политики и како тие се поврзуваат со наставата за контроверзни прашања - како што се политики за однесување, борба против насилство, дискриминација и родова рамноправност.

**Настава за контроверзни прашања: родителски насоки**

Еве еден пример на родителски насоки кои настојуваат да ги уверат родителите дека наставниците ќе обезбедат балансирана настава за контроверзни прашања.

Наставниците во нашето училиште ќе:

- олеснуваат дискусија и дебата, наместо да бидат водечки ваторитет за одредена тема.

Наставниците во нашето училиште нема да:

- ги претставуваат своите ставови како фактички доказ пред учениците;
- ги изнесуваат своите сопствени гледишта за ставовите на другите;
- ги презентираат информациите како мислења, а не како неоспорни факти.[17]

17. http://ccea.org.uk/sites/default/files/docs/curriculum/area_of_learning/CCEA_Controversial_Issues.pdf.

**Дали се повикувате на контроверзни прашања во која било од тековните комуникации на вашето училиште со родителите? Колку сметате дека е важно да се направи ова?**

**Студија на случај: Училиште во урбана средина, Ирска**

Ова е големо, етнички разновидно училиште сместено во урбана средина. Во својата изјава за мисијата, училиштето се обврзува да слави различни видови на различности. Како дел од прославата на сексуалната ориентација, училиштето организираше ЛГБТ недела во организа-ција на студентскиот совет. Во текот на неделата се одржаа голем број активности, вклучувајќи гостувачки говорници, ЛГБТ-пријателски „селфи“ и настан „застанете против малтретирање“. ЛГБТ знамето на почетокот на неделата го подигна министерот за здравство и настанот доби покриеност во националниот печат.

Група источноевропски родители, сите придружени кои одредена црква, изразија загриженост кај својот пастор, кој заедно со голем број други црковни лидери во заедницата, напишаа писмо со жалба до Управниот одбор и до покровителот на училиштето. Родителите колективно ги повлекоа своите деца од училиштето до крајот на неделата. Училиштето писмено одговори на писмото од црковните водачи објаснувајќи го мотивот за таа недела, а писмото беше испратено до засегнатите семејства, почитувајќи ја нивната одлука, но објаснувајќи ја целта на неделата. Иако сè уште не беа задоволни поради вклучувањето на нивните деца, бидејќи имаа можност да ја согледаат ситуацијата од аспект на училиштето, родителите не презедоа понатамошни активности. Неделата постигна огромен успех и сега е редовна карактеристика на академскиот календар.[18]

## Од каде да почнете?

Ако сте заинтересирани да вклучите поширок круг на родители во училишниот живот, добар начин да започнете е со организирање на некои бесплатни сесии со обуки за родители на деца имигранти или малцинства или родители чии деца се нови во училиштето. Изберете време во текот на неделата што ќе одговара на најголемиот број. Темите за обуките може да вклучуваат познавање на јазик, образовен систем, родова рамноправност, права и должности на родителите и училишни политики и практики.

18. Personal communication from Mary Gannon.

Поглавје 8

# Управување со ризици

Во рамки на сите училишни предмети, потребно е превземање на некаков ризик – без тоа ништо не може да се постигне. Превземањето ризици значи идентификување и проценување ризици, и одговарање на нив. Ризиците спаѓаат во различни категории. Во однос на контроверзии, вклучени се: влијанието врз учениците и нивното однесување; реакции на родителите; ставот на локалните заедници, вклучувајќи ги религиозните и граѓанските организации; и медиумската ангажираност. Можноста за поплаки од родителите, негативен публицитет во весниците или интервенции на локалната заедница или религиозните лидери е постојана. Затоа, ефикасното управување со ризици е важен апсект од справувањето со контроверзни прашања.

Во овој дел, од вас се бара да размислите за улогата на управувањето со ризиците при развој на стратегија за справување со контроверзни прашања.

## Што вклучува управувањето со ризици?

Постојат два елементи кај управувањето со ризици. Првиот е намалување на ризикот, односно, превземање мерки за намалување на можноста ризикот да се јави, и намалување на влијанието доколку ризикот сепак се јави. Вториот е управување со кризи, што ја вклучува подготовката на вонредни мерки при јавување на ризик. Треба да ги разгледаме и двата елементи.

## Како да се намалат ризиците поврзани со предавање на контроверзни прашања?

Многу од ризиците поврзани со предавање на контроверзни прашања се јавуваат поради збунетост и недостаток на разбирање на целите на наставната програма во овој дел. Ризикот од навредување и сензитивност преку недоразбирање е редуцирана кога постои јасна основа за контроверзни прашања разбрана од сите. Постојат бројни начини ова да се развие, вклучувајќи ги следниве:

- Обезбедување конзистентност во наставата и учењето на контроверзни прашања, на пример преку заедничка настава или водич за вработените
- Информирање на родителите за образложението на училиште за предавање на контроверзни прашања, на пример преку водич за родителите
- Пренесување на основните вредности на училиштето, на пример, во училишната мисија или изјава за училишните вредности
- Воспоставување култура на отвореност, на пример, обезбедување можност за учениците да дадат повратни информации за наставата и учењето, за наставниците да дискутираат за нивните грижи и за родителите да ги изразат своите грижи
- Обезбедување јасност при комуницирање, на пример во инструкции за домашните задачи
- Развивањае протоколи за активности поврзани со контроверзни прашања, на пример при посета на говорници политичари, религиозни или лидери на заедниците.

**„Од различните превентивни мерки кои училиштето може да ги превземе за да ги намали ризиците поврзани со предавање на контроверзни прашања, кои би ги издвоиле како најважни? Зошто?“**

## Кој тип на вонредни мерки е корисно да ги имате воспоставено?

Имањето на пристапен систем за поддршка на учениците и јасни политики во однос на прашања како врсничко насилство, дискриминација и заштита на детето се корисни вонредни мерки при решавање проблеми кои се однесуваат на благосостојбата и однесувањето на учениците.

За справувањето со анксиозноста кај родителите и поплаките околу контроверзните прашања, важно е да имате соодветна процедура за поплаки. Ова значи, да се осигурате, што побрзо да ги решавате поплаките и тоа неформално, недозволувајќи да ескалираат. Треба да постојат јасни процедури за креирање и добивање барања и поплаки, и ефективен начин за нивно препраќање до одговорниот член на тимот кој може да ги реши.

Сепак, секогаш постои ризик, спорот да пројде преку границите на училиштето. Негативното медиумско покривање може да предизвика сериозни повреди врз училишната репутација. Доколку постои опасност од ова, потребен е итен одговор. Заради оваа причина, може да е олеснително да се покријат контроверзните прашања во училишните политики за одговор на критични инциденти. Имањето на образложение за предавањето на контроверзни прашања и документација како прирачници за професорите и протоколи, може да биде корисно доколку има потреба од давање на интервјуа, брифинзи или пишување на медиумски изјави.

Сепак, постои и втор дел на можни ризици во ситуации каде училиштето или елементи од него може да добијат неповолен публицитет. Ова е потенцијалното влијание од настани и контроверзии надвор од училиштето; како кога политичка кампања таргетира и демонизира конкретно малцинство или делови од локалната заедница. Во вакви ситуации, можеби ќе биде потребно да се превземе акција за да се превенира публицитет кој може негативно да се рефлектира врз училиштето. Ова исто така може да се вклучи во училишните политики за одговор на критични инциденти.

**Студија на случај: Бристол, Англија, Обединето Кралство**

Во градот Бристол постои мешано средно училиште со културно богат внес на студенти помеѓу 11 и 16 години, претставувајќи преку 40 националности, вклучувјќи значителен број на деца од Сомалиско потекло. 13 мажи од Сомалиската заедница беа осудени за кривични дела - ескплоатација на деца, девојчиња од бела раса, по полициска истрага во Бристол. Главниот професор беше известен за развојот пред веста да одекне во локалните и националните вести. Склони да ги демонстрираат културните цели, и фактот што се културно богато и грижливо место каде „сите се ценат според тоа што се, и тоа што може да бидат" главниот професор превзема акција за да го ограничи негативното влијание на претстојната медиумска бура кон училиштето, учениците и заедницата на која и служи. Таа беше особено загрижена од можната бурна реакција против Сомалиската заедница и Сомалиските ученици во училиштето.

Акцијата вклучуваше:

- Пишување медиумска изјава осигурувајќи ја локалната заедница дека училиштето гледа кон безбедноста на учениците сериозно и работи со сите релевантни агенции за да осигура дека учиниците знаат како да се заштитат себеси и да пријават било какви грижи.
- Активно вклучување со локалните медиуми, ТВ, радио и интеврјуа за печатени медиуми – за да се нагласат позитивните начини на кои учениците од различни позадини се сложуваат едни со други во училишната заедница.
- Повикување на родителите или членовите на заедницата кои имаат грижи да го контактираат училиштето без двоумење.
- Организирање на специјално училишно собрание за предупредување на учениците за можна реакција против сомалиските ученици во заедницата и нагласување на потребата сите ученици да се поддржуваат едни со други во и надвор од училиштето
- Среќавање и зборување со лидерите на Сомалиската заедница околу заеднички акции, нагласувајќи ги училишните политики за еднаквост и различност.
- Прегледување како прашањата за културен идентитет и различност се адресирани во наставната програма.

Оваа акција успеа да ја намали секоја потенцијална криза и по неколку дена публици-тетот стивна.

Училиштето продолжи да функционира нормално во текот на ова време, со сите ученици, вклучувајќи ги и оние од сомалиската заедница, чувствувајќи се сигурно и безбедно во училиштето.[19]

**Како би ја оцениле ефективноста на моменталните училишни процедури за справување со поплаки? Дали има некои аспекти кои може да се подобрат со понатамошно развивање? Ако да, кои аспекти?**

## Како се справувате со коментарите на социјалните медиуми?

Дадена природата на социјалните медиуми, очекувано е дека училиштето ќе привлече критични коментари понекогаш. Единствено кога критицизмот е постојан и упорен ќе треба да одговорите. Се бара професионално расудување кога и како да се направи ова. Секогаш постои можноста да се влоши при споделување на содржината со поширока публика. Доколку има критични коментари но не се лично навредливи, може да ја поканите одговорната личност во училиштето за да ја дискутирате загриженсота, или да предложите да ја употребат процедурата за формално доставувањена поплаки. Сепак, доколку постирањето (споделувањето) е клевета, закана или расистички коментари,подобро е да побарате правна помош, или да ја контактирате одговорната јавна личност или полицијата.

**Според вас, колкав е потенцијалот социјалните медиуми да имаат неповолен ефект врз училиштето? Дали е нешто за што сте загрижени во вашето училиште? Доколку е, зошто?**

## Каде да почнете?

Доколку сте заинтересирани во намалување на ризиците поврзани со предавање на контроверзни прашања во училиштето, добар начин да почнете е со пополнување на едноставна проценка на ризик на генералната област. Прво, идентифицирајте кои сметате дека се главните ризици. Потоа, оценета ја секоја од нив и во однос на потенцијалното влијание и веројатност како „висока", „средна" или „ниска".

Алтернативно, оценете ја секоја компонента со бодови од 0 до 5. Кога ќе ги соберете бодовите, ќе имате добар преглед на нивоата на ризик, кои ќе може да ги користите каконасоки при зацврстување на практиките во иднина. Оваа активност може да ја направите сами, но ќе има поголемо влијание доколку е направена од целиот тим како целина.

Поглавје 9

# Развој и тренинг на персонал

Контроверзиите се неизбежен и растечки дел од училишниот живот во Европа. Сепак, малку училишни лидери, високи менаџери или професори во Европските земји добиваат било каков формален тренинг за справување со контроверзни прашања. Програмите за пракса и тренинзите за наставници ретко, ако некогаш, ги подготвуваат наставниците за ова. Развојните програми за идни постари менаџери и училишни лидери исто така ретко го адресираат ова прашање. Обезбедувањето можности за континуиран професионален развој е од витално значење за ефективно справување со контроверзни прашања.

Во овој дел, ќе биде од вас побарано да размислите за улогата која развојот и тренингот на персоналот јаима при развој на стратегија за справување со контроверзни прашања

## Каков професионален развој?

Активностите за професионален развој на тема контроверзни прашања спаѓаат во бројни широки категории во однос на фокусот на активностите, и оние од кои имаат најмногу корист. Вклучуваат активности кои се фокусираат на:

- развој на образложението и причините за предавањето на контроверзни прашања – целиот персонал
- подобрување на разбирањето околу специфични прашања, како Холокаустот – професори од соодветни предмети
- стекнување наставни вештини и компетенции поврзани со предавањето на контроверзни прашања - целиот наставен кадар
- стекнување со менаџерски вештини потребни за развој и спроведување на политиките во врска со справување со контроверзни прашања - училишни лидери и високи менаџери

**Колку што сте запознаени, дали некој од персоналот во вашето училиште има формален тренинг за справување со контроверзни прашања? Ако да,во која форма и каков бил резултатот?**

## Какви видови на тренинг методи може да користите?

Додека надворешните курсеви може да бидат најдоби за индивидуален тренинг на специфични теми, како сексуална едукација, методите кои охрабруваат дијалог и споделување на искуства се поефективни и мотивирачки за персоналот и за развој на есkпертизи при справување со контроверзни прашања низ учулиштето како единка.

Најважна е потребата да се создаде систем на врсничка поддршка за предавање и менаџирање со контроверзни прашања. Покрај ова, многу од вообичаените методите користени за професионален развој еднакво влијаат врз справувањето со контроверзни прашања.

**Развој на персонал: неколку предложени методи за тренинг:**

- Сенување на работата - набљудување на колега како предава одредено прашање или генерално контроверзни прашања
- Тренирање – редовно се состанува со искусен колега за да разговара за личниот напредок во врска со предавањето на одредени прашања, да научи нови идеи, итн.
- Споено планирање на часови – работење заедно на исто контроверзно прашање
- Истражувачки групи – состануање еднаш неделно за дискутирање на наставни методи кои индивидуално се користеле
- Тимско учење – работење заедно со колега за споделување на предавањето на одредено прашање во училницата
- Надворешни конференции и курсеви – поврзување на конкретни прашања, или предавањето на контроверзни теми генерално
- Професионален диалог – дискутирање на практики при предавањето на контроверзни прашања со менаџер (директор) како дел од процесот на менаџирање
- Вклучување на надворешни мрежи, развојни групи или проекти – нудење можности за професионален развој во справувањето со контроверзни прашања.
- Напреден практичен персонал - персонал обучен за управување со контроверзни прашања и задолжен за обука на колеги во нивниот оддел, факултет или учебна година

**Која од методите за тренинг е користена во професионалниот развој во вашето училиште и дали мислите дека би работела еднакво добро за развој на персоналот при справување со контроверзни прашања?**

## Како го одбирате најсоодветниот тренинг за персоналот?

При бирање на најсоодветниот тренинг за персоналот, треба да разгледате неколку фактори. Ова вклучува кои вештини персоналот веќе ги поседува, вклучувајќи ги и оние на директорот и високите менаџери; областа која сакате да ја зајакнете; индивидуалните интереси и кариерни планови; сите владини правила и прирачници. Воедно, може да се водите и по приоритетите кои се појавиле во процесот изведување на вежбата „проценка на ризици“.

Методите за добивање докази за потребите за обука на индивидуалниот персонал вклучуваат:

- списоци за самооценување;
- прашалници;
- лични барања;
- дискусија со раководните лица;
- формално интервју за проценка или управување со перформанси

Без разлика која метода се преферира, фокусот за наставниците ќе бида на клучните вештини и компетентност потребни при предавање на контроверзни теми, а за раководниот тим на вештините и компетентност потребни за нивно менаџирање.

**Проценка на потребите за обука на наставниците:**
**некои предложени вештини и компетенции**

- Разбирање на причините за справување со контроверзни прашања
- Разбирање што го прави едно прашање контроверзно
- Промовирање на основните вредности
- Воспоставување на основни правила за дискусија
- Создавање позитивна и безбедна средина во и надвор од училницата
- Избор на соодветни стратегии за предавање и учење
- Избегнување на пристрасност
- Свесност за сопствената пристрасност и претпоставки и можност да се оддалечите од нив
- Олеснување на отворена дискусија и дебата
- Промовирање на студентски глас
- Управување со емоционалните одговори на учениците
- Одговорање на нечувствителни забелешки
- Комуницирање и ангажирање со родители и претставници на заедницата

**Студија на случај: Гете гимназија, Себиниц, Германија**

Гимназијата Гете е средно училиште во мал град во југо-источна Германија. Интересот во дебатирањето како метода за предавање беше зголемен по учество на еден наставник на тренинг за дебата организиран од Фондацијата Херти.

Дебатирањето е формална метода на демократско размислување помеѓу две групи следејќи строги правила. На учениците им помага во самодовербата, развивање на вештини за критичко размислување и размислување на контроверни, социјални и политички прашања посериозно.

Базирано на овој првичен интерес, училиштето понуди курс за тренинг по дебата на целиот персонал, вклучувајќи ги наставниците по германски, природни науки и историја. Методата беше формално претставена на учениците од 9та година (13-14 години) иако некои наставници почнаа порано со поедноставни вежби кај учениците од 7ма и 8ма година (11-13 години). До 11та година (15-16 години), дебатирањето често се користи кај сите училишни предмети, особено во природните и социјалните науки.[20]

20. Frank and Huddleston (2009), pp. 58-59.

**Во однос на справувањето со контроверзни прашања во училиште, кои би кажале дека се јаките и слабите страни на вашиот наставен кадар?**

**Од ваша гледна точка, како се разликуваат потребите за обука во врска со справување со контроверзни прашање на раководните лица и високите менаџери наспрема оние на наставниот кадар?**

## Каде да почнете?

Доколку сте заинтересирани да обезбедите можности за професионален развој во справување со контроверзни прашања, добар начин е да започнете со некои активности за обука во пакетот за обука на наставници „Живеење со контроверзии" од Советот на Европа.[21]

Пакетот беше успешно испробан од страна на наставници во неколку Европски земји и содржи детална прогама на тренинг активности за наставници, дизајнирана да се користи низ сите Европски земји  и во сите фази и видови на училиште. Се занимава со прашања како: како личните верувања на наставниците имаат влијание врз нивното предавање за контроверзни прашања; како да пристабите кон спротиставени мислења и тврдења; како да ја заштитите чувствителноста на ученикот; како да решите воспалителни ситуации; и како да се справите со проблемите на балансиран начин без потреба од обемни дополнителни информации.

21. https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016806948b6.

ПРИЛОГ 1

# Листа за проверка на можни активности

Следнава листа за проверка ја прегледува лепезата на активности кои раководните лица и раководните тимови може да ги вклопат при развивање стратегија за справување со контроверзни прашања и при предавање на контроверзни прашања во училиштата. Активностите се поделени во девет дела од алатката и прашањата кои се јавуваат со нив. Кои од овие активности ќе бидат изведени, и од кого, зависи единствено од контекстот на конкретното училиште. Не се очекува од ниедно училиште да ги изведе сите активности. Тие се понудени единствено да ве водат и да ви помогнат во процесот на планирање.

Во листата за проверка, секоја активност е придружена со бројни прашања. Овие прашања стимулираат размислување и дискусија за различните активности, дали се важни и како може да бидат имплементирани.

## 1. Преглед на упатствата и политиките

### Можни активности

- **Преглед на релевантни легислативи, упатства и должности - на пример, за гласот на студентите, кохезијата во заедницата, сексуалното образование или политичката индоктринација.**
  - Како тие се однесуваат кон предавањето контроверзни прашања?
  - Дали го поддржуваат или имаат конфликт со тоа?
  - Дали предавањето на контроверзни прашања помага за нивна имплементација?
- **Ревидирајте ги постојните училишни политики - на пример, за еднаквост, заштита на деца, против врсничко насилство или однесување и дисциплина**
  - Како тие се однесуваат кон предавањето контроверзни прашања?
  - Дали го поддржуваат или имаат конфликт со тоа?
  - Дали предавањето на контроверзни прашања помага за нивна имплементација?

## 2. Разгледување на моменталните политики и практики

### Можни активности

- **Идентифицирајте ги прашањата кои моментално се сметаат за контроверзни во училиштето**
  - Кои проблематики наставниците моментално ги идентификуваат како контроверзни?
  - Во кои училишни предмети се јавуваат?
  - Што ги прави овие проблематики контроверзни?
- **Консултирајте се со наставниците за нивните искуства при предавање контроверзни прашања**
  - Колку самоуверено се чувствуваат околу предавањето за овие контроверзни прашања?
  - Што ги загрижува?
  - Каков вид на тренинг или поддршка сметаат дека им е потребна?
- **Ревидирајте ги моменталните практики во предавањето на контроверзни прашања низ предметите**
  - Како се предаваат/изучуваат контроверзните прашања?
  - Кои методи и стратегии за учење се користат?
  - Колкава е доследноста помеѓу предметите?
- **Консултирајте се со учениците за нивните искуства околу контроверзни прашања во училиштето**

- Кои прашања учениците ги идентификуваат како контроверзни?
- Колку се чувствуваат пријатно да дискутираат за нив?
- Колку сметаат дека се ефективни методите на наставниците?
- Што мислат студентите дека учат од дискутирање на контроверзни прашања?

► **Консултирајте се со пошироката училишна заедница за контроверзни прашања на училиште**

- Кои прашања родителите и другите засегнати страни ги идентификуваат како контроверзни?
- Какви грижи имаат тие да се изучуваат на училиште?
- Колку правично сметаат дека училиштето се справува со нив?
- Што очекуваат или сакаат од училиштето во врска со справување со контроверзни прашања?

► **Појаснете ги основните вредности на училиштето**

- Кои се основните вредности на училиштето?
- Дали тие го поддржуваат предавањето за контроверзни прашања или се косат со тоа?
- Колку се добро разбрани во рамките на училишната заедница?
- Како се оправдани?
- Дали тие се однесуваат експлицитно на демократијата и човековите права?

► **Консултирајте се со наставниците, учениците и пошироката училишна заедница за квалитетот на училишната средина за учење**

- Каква е атмосферата во училиштето?
- Колку добро различните групи се поврзуваат едни со други?
- Дали се мешаат?
- Дали луѓето чувствуваат дека можат отворено да зборуваат за нивните разлики?
- Дали различноста е ценета или се гледа како закана?

► **Консултирајте се со учениците за можностите за студентско учество во училиштето**

- Дали учениците сметаат дека имаат збор за водење на училиштето?
- Дали чувствуваат дека им се почитува зборот?
- Во какви решенија учествуваат?
- Дали тие имаат свое тело за донесување одлуки?
- Дали чувствуваат дека можат да направат промена во училиштето?

## 3. Развој на политики

### Можни активности:

► **Работете со персоналот за да развиете единствено образложение за предавање на контроверзни прашања**

- Што го прави ова прашање контроверзно?
- Зошто да предаваме контроверзни прашања?
- Која е улогата на наставникот?

► **Работете со лидери од секој училишен предмет за да направите список со примери на контроверзни прашања од секој предмет**

- Каде може да се наиде на конфликт на мислења или вредности?
- Каде наоѓате докази за различноста - религиозно, културно, политичко или друго?
- За кои прашања е можно да се земат низа перспективи?

► **Работете со раководители на оддели или раководители на смени, наставници и студенти, за развој на ефективен и ангажиран пристап за учење**

- Кои се различните улоги што наставниците можат да ги преземат?
- Кои вештини се потребни за стимулирање и управување со ефективни дискусии?
- Како можат наставниците да ги охрабрат учениците да сочувствуваат со гледиштата на другите?
- Како можат да воведат теми на балансиран начин?

- Како можат да се справат со комплексни прашања или кога немаат доволно познавање на позадината за некој проблем?

- **Идентификувајте средство за надгледување на наставата по контроверзни прашања низ предметите**

  - Кои се предностите од назначувањето личност за „координатор“ или „ментор“?
  - Кои вештини би требало да ги има таа личност?
  - Какви одговорности би имале тие?
  - Дали би било поефикасно да се има тим?
  - Ако е така, како треба да се избере тимот?
  - Како би ги делеле одговорностите?

- **Прегледајте ги процедурите за управување со ризик**

  - Каде е училиштето најверојатно најранливо?
  - Доколку е потребно, може ли брзо да се контактираат родителите?
  - Кои процедури се воспоставени за справување со медиуми, вклучувајќи ги и социјалните медиуми?
  - Дали имате медиумско образложение за предавање на контроверзни прашања?
  - Дали секој знае што да стори за да ги заштити и поддржи учениците во случај на надворешен настан или проблем што има влијание врз училишната заедница?

## 4. Планирање на активности

### Можни активности:

- **Идентификувајте ги постојните јаки страни при предавањето на контроверзни прашања**

  - Кои добри практики веќе постојат?
  - Како може да се гради над нив?
  - Какви видови експертиза постојат меѓу вработените?
  - Како може да се искористи ова?

- **Идентификувајте области за развој**

  - Колку е охрабрувачка училишната средина за учење?
  - Како се спроведува наставната програма?
  - Колку е разбрано образложението за предавање на контроверзни прашања?
  - Колку се ефикасни педагошките методи што ги користи персоналот?
  - Колку е доследна наставата по предмети?
  - Колку е ефективен студентскиот глас?
  - Дали се доволни постапките за управување со ризик?
  - Колку родителите го разбираат и поддржуваат пристапот на училиштето кон контроверзни прашања?
  - Дали личните насоки и/или поддршка се лесно достапни ако им требаат на наставниците или учениците?

- **Идентификувајте ги потребите за обука на персоналот**

  - Колку добро наставниците го разбираат образложението за предавање на контроверзни прашања?
  - Колку им е пријатно со своите улоги во училницата?
  - Колку се вешти во водење на дискусијата, користење на ефективно испрашување, менаџирање со чувствителноста на учениците и слично?
  - Колку се добри во идентификување на контроверзни прашања во рамките на нивниот предмет?
  - Колку се сигурни во справувањето со контроверзиите надвор од училницата, на пример низ ходниците, на игралиштата?

- **Идентификувајте ги барањата за ресурси**

  - Кои видови материјали за обука се потребни?
  - Дали има улога за надворешно олеснување или поддршка, како што се локалните власти или

владините агенции, невладини организации, универзитети или други училишта?

- **Развијте план за акција**

  - Каков вид на резултати сакате?
  - Кои методи ќе ги користите?
  - Која е временската рамка за завршување?
  - Кои се клучните луѓе да се вклучат и кои ќе бидат нивните различни улоги?

## 5. Мониторинг и евалуација

### Можни активности

- **Идентификувајте критериум за успех**

  - Како ќе знаете дали вашите планови за справување со контроверзни прашања се на вистинскиот пат?
  - Какви резултати сакате да видите? На пример, подобра доследност во предавањата и учењата, зголемување на самодовербата кај наставниците, подобрени односи помеѓу различни групи, подобар успех?

- **Воспоставете процедури за мониторинг, евалуација и прегледување**

  - Како ќе го следите прогесот?
  - Кои методи ќе ги користите? На пример, прашалници за учениците/наставниците, фокус групи, следење на настава?

- **Идентификувајте кои докази ќе ги прибирате, кога и кој ќе го прави тоа**

  - Кој вид на доказ ќе ви каже дали пристапот е успешен? На пример, нивото на задоволство кај учениците/наставниците, поинклузивна атмосфера, подобри резултати на тестови?

- **Осигурајте се дека персоналот добива редовни повратни информации за процесот**

  - Какви повратни информации ќе му бидат дадени на персоналот и во која форма? На пример, усни извештаи од раководните лица на состаноци, извештаи од лидерите по секој предмет?

ПРИЛОГ 2

# Управување со контроверзи: импликации за училишните лидери и менаџери – Анализа на опсегот

## Вовед

### Цел

Начинот на кои училиштата се справуват со контроверзии и контроверзни прашања со Европското брзо движење на популацијата и зголемениот диверзитет, никогаш не бил поважен.

Она што се смета за контроверзија во училиштата зависи од држава до држава и се менува со текот на времето. Типичен пример за контроверзни прашања во Европа денес, вклучуваат: миграција, мигранти, род и сексуална определеност- особено хомосексуални, бисексуални и транс права; религиозните начини на облекување и симболи во јавниот живот; екстремистички и анти-терористички стратегии; насилство врз деца; мерки за штедење и природата на Европското владеење.

Иако е примамливо училиштата да ги избегнат толку тешки прашања, тоа би било погрешно. Образовните придобивки од предавањето на контроверзни прашања се огромни. Тоа им помага на децата и младите да го продлабочат своето знаење за предметот, да го развијат своето аналитичко и критичко размислување и, генерално, да бидат граѓански настроени. Сè повеќе, тоа исто така се гледа како средство за смирување на конфликтите и заздравување на поделбите, како во училиште, така и во поширокото општество, и како начин за развој на споделени вредности и градење отпор кон екстремизмот и ризичното однесување.

За училиштата, преправањето дека контроверзните прашања не постојат едноставно веќе не е можност поради следните причини.

Првично, наставната програма не се без вредност: секогаш се отворени за приговор од групи со спротиставени вредности.

Второ, учениците секогаш прашуваат непланирани прашања.

Трето, децата и младите луѓе гледаат и читаат за контроверзни прашања во медиумите, вклучувајќи ги и социјалните медиуми (на телефони, таблети, компјутери, итн.). Многу од нив имаат директно искуство со влијанието од овие прашања во нивниот секојдневен живот.

Гледањето на контроверзијата и контроверзните прашања сериозно, покренува важни прашања за училиштата, не само за наставните методи и пристапот во чилниците, туку и за лидерството и раководството: на пример, во однос на развојните политики, планирањето на наставната програма, тренинзите, поддршката на наставниците, контролата на квалитетот и вознемиреноста на родителите.

Анализата за опсегот се фокусира на некои од овие прашања од гледна точка на училишните лидери и високи менаџери и нуди кратка теоретска позадина на алатката за себе-рефлексија

### Основа

Анализата за опсегот беше развиена преку пилот проектот „Човекови права и демократија во акција“ организирана заеднички од Советот на Европа и Европската Комисија. Со алатката за саморефлексија и пакетот за тренинг на наставници „Живеење со контроверзија“, се создава разбирлив ресурс за професионален развој кои ги поддржува сите аспекти на работата на училиштето во ова поле.

На ресурсот треба да се гледа како промотор на основните вредности на Советот на Европа – демократија, човекови права, и владеење на правото – и концептот на едукација како бедем против социјалните зла како

екстремизмот и радикализмот кај младите, ксенофобијата и антисемитизмот, насилството и говорот на омраза, опаѓање на довербата во политиката и политичарите и негативните ефекти од мерките за штедење.

Дизајниран е и пилотиран од претставници на земји од сите краеви на Европа кои беа вклучени во овој пилот проект.

## Контекст

Јавната загриженост што произлезе како резултат на голем број инциденти на насилство и социјално нарушување од висок профил во различни европски земји, се комбинираше со ново размислување во образованието за демократија и човекови права за да се справи со контроверзните прашања во училиштата како итна образовна потреба.

Прво, инциденти како што се немирите во Лондон и убиства од омраза во Норвешка во 2011 година, нападот на Шарли Ебдо и масовни пукања во Париз во 2015 година, самоубиствените бомбашки напади во Белгија и нападот во Ница во 2016 година и ефектите од ширењето низ Европа бегалската криза во Северна Африка и на Блискиот исток, поттикна целосен преглед на улогата што ја играат училиштата во моралниот и граѓанскиот развој на младите, императив што одекнува низ цела Европа.

Второ, европските политики за образование за демократија и човекови права се префрли од потпирање на вежби за учебници и теоретско знаење во акцент на активно и партиципативно учење и ангажирање со „реални" прашања. Постои растечки консензус дека демократското граѓанство, почитувањето на човековите права и меѓукултурното разбирање се учи поефикасно преку „правење" отколку со акумулирање факти. Соодветно на тоа, наставните програми за демократско граѓанство и едукација за човекови права низ цела Европа се отворени за нови, непредвидливи и контроверзни видови на наставни содржини.

Отворањето на наставната програма за спорни и тешки прашања покренува голем број прашања за училиштата. Во прв момент, тоа покренува прашања во врска со методите на настава и пристапите во училницата. Прашања од ваква природа и како на нив може да биде најдобро одговорено, се решаваат во пакетот за обука на наставници живеење со контроверзии (Кер и Хадлстон, 2015).

Во сегашниот контекст, тоа, исто така, покренува прашања за училишното раководство и управување - на пример, како да:

- го охрабрите персоналот како да почне и да се чувствува удобно предавајќи контроверзни прашања во предмети низ наставната програма
- го поддржите персоналот во училниците и нивната интеракција со родителите
- се осигурате дека персоналот има пристап до тренингот кој им е потребен за да можат да се справат со тешките прашања безбедно и чувствително
- создадете можности за дискусија на контроверзни прашања надвор и во училницата; на пример на состаноци, студентски совети, ученички парламенти, групи за дискусија
- развиете и одржите квалитет во учењето и постојан пристап низ училиштето
- создадете поддржлив училишен етос и култура
- се обратите околу грижите на родителите и другите засегнати страни, вклучувајќи ги и медиумите

## Литературна критика

Во последните три или четири децении, постои бавен но стабилен раст на литература која го застапува учењето на контроверзни прашања како централен елемент во демократското граѓанство и едукацијата за човековите права, нагласувајќи ги истовремено предизвиците со кои се соочуваат професорите при справување со вакви прашања во училниците.

Оваа литература вклучува авторски и едитирани дела како, Берг и др., 2003; Клер и Холден, 2007; Кован и Метлс, 2012; Хес, 2009; Страдлинг и др., 1984), новинарски статии како, Аштон и Ватсон, 1998 година; Кларк, 1992; Деарден, 1981 година; Кели, 1986 година; Солеј, 1996 година; Вилкинс 2003 година) и низа практични упатства и ресурси на Интернет за наставниците (на пример, Хадлстон и Кер, 2006 година; CitizED, 2004 година; Фондација за државјанство, 2004 година; Кларк, 2001 година; Кромби и Роу, 2009 година; Комитет за стручно образование на градот Даблин, 2012 година; Фиен, 2005 година; Оксфам, 2006 година; Ричардсон, 2011 година).

## Дефиниција на „контроверзни прашања“

Поимот „контроверзно прашање“ се користи на различни начини на различни места. Сепак, разликите не се големи. Делува како да претставуваат различни варијации на истиот општ сет теми, наместо радикално различни концепции.

Може да се дефинираат како прашања кои „будат силни чувства и ги делат заедниците и општеството“.

Типично, контроверзните прашања се опишуваат како проблеми или спорови кои се тематски, будат силни емоции, генерираат конфликтни објаснување и решенија базирани на алтернативни верувања или вредности или спротивни интереси, и кои, како резултат, имаат за цел да го раздвојат општеството. Ваквите прашања се често високо комплексни и не е можно да се решат само со приложување докази.

Сепак, потенцијалот на контроверзните прашања да побуди силни емоции, и внатре и надвор од училниците, е она што често се гледа како најголем предизвик во училиштата. За многу коментатори, дефинирање на карактеристиките на контроверзните прашања е политички сензитивно. Под ова се подразбира неговата тенденција да предизвика јавен сомнеж, гнев или загриженост - кај учениците, родителите, училишните службеници, верските и водачите на заедниците, јавните власти и меѓу самите наставници и училишни вработени.

Може да биде корисно да се разликуваат два вида контроверзни прашања: долготрајни прашања како што се секташки поделби и тензии помеѓу различни групи во голем број европски земји; и неодамнешните прашања како што се зголемената загриженост за верскиот екстремизам, насилството и индоктринација и радикализација на младите Европејци или зголемувањето на онлајн насилство и кражби на идентитет преку Интернет.[22]

И двата типа нудат слични предизвици за наставниците, но со различни нагласи. Со долготрајните прашања, предизвик за училиштата е како да се приближат на ова прашање и да најдат нешто ново да кажат без понатамошно отуѓување на одредени групи или поединци. Со неодамнешните проблеми, предизвикот е како да одговорат на спонтаната дискусија од страна на учениците, како да се најдат веродостојни информации за темата и да се одреди позицијата што треба да ја преземат наставниците.

Бидејќи ставовите се менуваат и околностите се разликуваат, она што се смета за контроверзно во едно време, може да изгледа релативно безопасно во некое друго, а она што е контроверзно на едно место, може да не биде на друго место. Идејата за државно финансирано здравствено осигурување е особено контроверзна во САД на пример, но не во Европа.[23] Прашањата за сексуална ориентација и верска разлика можат да се решат многу лесно во некои европски земји, но во други се потешки. Слично на тоа, она што се смета за контроверзно во едно училиште, па дури и во еден час, може да привлече малку внимание во друго.[24]

Страдлинг (1984), исто така, прави корисна разлика помеѓу прашањата што се површно контроверзни и оние што се инхерентно контроверзни. Првите, барем во принцип, се способни да се решат со приложување на докази. Вторите потекнуваат од несогласувања засновани на прашања од фундаментално верување или вредносно расудување и се многу понерешливи.[25]

## Едукативните придобивки од предавањето контроверзни прашања

Страдлинг (1984) ги дели едукативните оправдувања за предавањето на контроверзни прашања на два типа: „базирани на производот“ и „базирани на процесот“.

22. Stradling (1984) p. 2.
23. Hess (2009).
24. Stradling (1984).
25. Stradling (1984), p. 2.

### А. Оправдувања базирани на производот

Тука, прашањата се гледани како важни самите по себе, било тоа поради тоа што се поврзани со „главните социјални, политички, економски или морални проблеми на нашето време" или бидејќи се „директно релевантни во животите на учениците".[26] [15] Ова беше една од главните причини за предавање на контроверзни прашања дадена во извештајот на Крик (1998) во Обединетото Кралство:

> Контроверзните прашања се важни сами по себе и да се изостави информирањето и да се дискутира за нив е да се остави широк и значителен јаз во образовното искуство на младите и да не се подготват за возрасни.[27]

Малку поразличен аргумент е тоа што е важно не смао да се изучуваат контроверзните прашања само затоа што нивното учење ќе биде вредно само по себе туку и да се компензира за едностраниот и збунувачки начин на кој некои прашања се презентирани во социјалните и други форми на медиуми пристапни до децата и младите лица денес. Па Скарат и Дејвисон (2012) набљудуваат:

> Еволуцијата на мас-медиумите зголемено ги изложува децата на чувствителни теми, кои бараат демистификација и дискусија.[28]

Една неодамнешна верзија на овој аргумент е дека предавањето на контроверзните прашања им нуди на училиштата можност да презентираат „спротивни наративи" од екстремистичките идеологии (Национална унија на наставници, 2015). Ова е еден од најефективно кога учениците се охрабрени да направат свои сопствени „спротивни наративи" (Џејмисон, 2015)

### Б. Оправдувања базирани на процесот

Во расудувањето засновано врз процеси, суштината на контроверзни прашања се смета за помалку важна од компетенциите за учење или граѓанските ставови и однесување што можат да бидат предизвикани од ангажирање со нив. Овие го вклучуваат следново.

- ► Поврзани со училишниот предмет - на пример, разбирање дека од контроверзијата не треба да се плаши, туку е дел од животот во демократијата, можноста да се дискутираат спорни прашања на граѓански и продуктивни начини, стратегиите за вклучување во такви дискусии, сфаќајќи дека нечии ставови се важни, како што се сите во демократија[29]
- ► Меѓунаставна програма - на пример, јазични и комуникациски вештини, доверба и меѓучовечки вештини,[30] вештини за дијалог и размислување од повисок ред,[31] обработка на информации, расудување, истражување, креативно размислување и вештини за проценка[32]
- ► Граѓанско однесување - на пример, поголем политички интерес,[33] продемократски вредности, зголемен политички ангажман,[34] поголемо граѓанско знаење, поголем интерес за дискутирање на јавни работи надвор од училиште, млади луѓе со поголема веројатност да кажат дека ќе гласаат и волонтираат како возрасни.[35]

## Споделени вредности и отпор кон екстремизмот

Во последните години постои растечки интерес за тоа како дискусијата за моменталните прашања може да им помогне на децата и младите лица да создадат споделени вредности и да изградат отпор кон екстремизмот. Неколку различни но поврзани апсекти на ова може да се идентификуваат во литературата.

---

26. Stradling (1984), p. 3.
27. Crick report (1998), 10.4.
28. Scarratt and Davison (2012), p. 38.
29. Hess (2009), p.162.
30. Claire and Holden (2007).
31. Wegerif (2003).
32. Lambert and Balderstone (2010), p. 142.
33. Soley (1996).
34. Hess (2009), p. 31.
35. Civic Mission of Schools report, quoted in Hess (2009) p28.

### А. Демократски дијалог

Дискутирање на моменталните прашања е добар начин да им се помогне на младите лица како да се вклучат во демократски дијалог. Учеството во дијалог со лица чии вредности и начин на живот се спротивни од својот е важен дел во демократскиот процес и основен во градењето заеднички вредности во општеството. Овој развој на ученички дискутирачки вештини, особено во однос на „чувствителни, контроверзни прашања" е идентификувано како важна компетенца кај наставниците во алатката на Советот на Европа за компетенции на наставниците во едукацијата за демократстко граѓанство и едукација за човековите права.

### Б. Социјална кохезија

Акцентот е ставен на употребата на контроверзни прашања во наставата како алатка за понатамошна социјална кохезија и спротивставување на силите на поделба во општеството (Браун и сор. 2012; Грос и Дејвис, 2015). Образованието се гледа како „моќно оружје против екстремизмот кој се обидува да ги потенцира поделбите и разликите помеѓу поединците и заедниците и ги искористува стравовите засновани врз незнаење или предрасуди"[36]. Официјалното упатство за училиштата во Англија, на пример, ја нагласува улогата на контроверзни прашања во кои се учи во „предизвикувачките екстремистички наративи", „промовирање на човековите права" и „градење силни, безбедни и кохезивни заедници"[37]. Училиштата се охрабруваат да обезбедат можности за нивните студенти „да разберат, да се сретнат и да се вклучат со луѓе од различна вера, култура и социјално потекло на начини кои промовираат заеднички вредности при препознавање на различноста во заедниците"[38]. Факторите идентификувани како промовирање на социјалната кохезија вклучуваат училнички педагогии и демократско училишно опкружување Шуајб, 2012).

### В. „Безбедни простори"

Истражувањето за ефективноста на различните пристапи кон градење на отпорност на екстремизам сугерира дека создавањето „безбедни простори" за дискусија на контроверзни прашања е:

> витална карактеристика на кој било метод на учење или интервенција со цел да се изгради отпорност на екстремизам.[39]

„Безбеден простор" е повеќе од само физички простор во кој учениците се ослободени од штети.Тоа е:

> средина во која практичарите и учесниците можат да водат богати и значајни дискусии за контро-верзни прашања и во кои младите се чувствуваат безбедно дискутирајќи за тие прашања.[40]

„Безбеден простор" во оваа смисла значи да се осигура дека младите ќе се чувствуваат способни да ги искажат своите ставови, без оглед на тоа какви се овие ставови или како луѓето можат да реагираат; дека можат да поставуваат прашања без да се грижат дали се „глупави" или „погрешни"; и дека тие можат да кажат кога ќе најдат став или прашање од други навредливи или неприфатливи.

### Г. Училницата како „граѓански форум"

Поврзана идеја е поимот за училницата како „граѓански форум". Во контекст на дискусија во училница, се тврди, учениците од училиштата треба да се третираат како граѓани сами по себе, не само како идни граѓани . На училницата треба да се гледа:

> не само како модел на граѓански форум, туку исто така и на вистински, и дискусиите за граѓанството не само „само за разговор", туку и за самите по себе форма на активно граѓанство.[41]

### Д. Поддржувачки училишен етос и култура

Одамна е признаено дека учениците учат не само од она што им се предава експлицитно на час, туку и имплицитно од она што го доживуваат во секојдневниот живот на училиштето. Граѓанското образованието ќе биде најефикасно, затоа што ќе се одвива во училиштата кои демонстрираат модели на демократски и човекови права и ги вметнуваат во секојдневниот живот. На ист начин, ученичката дискусија за современите теми ќе биде најефикасна во училиштата кои ги моделираат вредностите на демократскиот дијалог и колективното решавање на проблеми во нивниот пристап кон секојдневното донесување одлуки. Тоа сугерира училишен етос кој „ги поддржува високите стандарди на правичност и почитување на човековите права и во кој сите вклучени се ценат еднакво и се охрабруваат да земат активно учество во животот на училиштето".[42]

---

36. Greater Manchester Police (2010), p.5.
37. Qualifications and Curriculum Development Agency (2010), p.9.
38. Qualifications and Curriculum Development Agency (2010), p.10.
39. Bonnell et al. (nd) p. 49.
40. Bonnell et al. (nd), p. 48.
41. Huddleston and Rowe (2015), p. 96.
42. Huddleston and Kerr (2006), p.82.

## Недостаток на поддршка за училишните лидери и менаџери

Додека е јасно дека последиците од адресирањето на контроверзни прашања во училиште се многу и далекусежни и имаат важни импликации за училишните лидери и менаџмент – со многу малку исклучоци (на пример Пиерпоинт (2014), Советот за наставни програми, тестирање и проценка) овие пошироки прашања целосно ги надгледуваат коментатори и истражувачи. Големиот дел од литературата се занимава единствено со училишната педагогија и скоро сосема ги игнорира училишните лидери и високите менаџери.

Постои недостаток од апдејтиран практичен тренинг и поддршка за училишните лидери и високите менаџери при менаџирање контроверзија и контроверзни прашања во училиштата. Малкуто што постои брзо застаруваат.

Потребата да се пополни оваа празнина е дополнително засилена со резултатите од пилот-проектот за наставници кои живеат со контроверзии. Пилот-проектот ја истакна клучната улога на училишните водачи и високи менаџери во поставувањето на тонот за тоа колку контроверзни прашања се решаваат во училиштата и потребата од ажурирана обука и поддршка (Кер и Хадлстон, 2015).

Кон оваа улога и, особено, потребата за пристап кон целото училиште сега сме свртени.

## Пристап на целото училиште

Пристап на целото училиште кон контроверзните прашања имплицира повеќе од еден настан или сет тренинг иницијативи – иако може да вклучува малку од двете. Значи работење со наставници, родители, персонал и целата заедница за да се обезбеди цврста основа на која ќе се оддаде развојот и подобрувањата во ова поле на систематски начин.

Зошто е овој пристап потребен?

► **Визија**

Ако го сфатат сериозно, наставниот кадар треба да се убеди од едукативните бенефити од предавање на контроверзни прашања.

► **Тренинг**

Да се адресираат контроверзните прашања безбедно и чувствително, на наставниците им се потребни високи фасилитативни вештини кои вообичаено не се понудени во основиот тренинг за наставници или за понатамошен наставнички разој.

► **Поддршка**

Со оглед на потенцијалната поттикнувачка природа на одредени прашања, наставниците треба да знаат дека имаат авторитет и поддршка на училиштето за тоа што прават и дека можат да се потпрат на училиштето за помош во справувањето со дисциплински проблеми или изрази на грижа на родителите што не можат управуваат сами.

► **Лични и сопствени грижи**

За да се чувствуваат пријатно со идејата за предавање на контроверзни прашања, на наставниците им треба време за да можат да разговараат со другите практичари во училиштето за нивните лични и професионални проблеми - за одредени прашања и како може да им се пристапи.

► **Развој на заеднички приистап кон политики и практики**

Да се развие заеднички пристап кон политики и практики во однос на контроверзни прашања, на персоналот му се потребни можности за да работат заедно и да дискутираат наставни методи и колективен пристап.

► **Мониторинг и евалуација**

Со цел персоналот да се подобри и направи прогес во предавањето на контроверзни прашања, треба да има договорен начин на мерење на успехот и евалуирање на ефективни практики.

► **Заштита на децата, заштита и благосостојба на студентите**

Со најголема веројатност да имаат потешкотии со или да бидат негативно погодени од дискусии на контроверзни прашања, ранливите деца и учениците од малцинските групи имаат потреба од посебна грижа и надзор.

► **Училишен етос и култура**

Со оглед на важноста на училишниот етос и култура во развојот на ставовите и вредностите на учениците, училиштето треба да осигури дека почитувањето на гласот на ученикот и вредноста на дијалогот се рефлектираат во неговиот етос и култура.

► **Советување на засегнатите страни**

Доколку сака широко да се консултира за политиката за контроверзни прашања, училиштето треба да може да управува и да го координира вклучувањето на своите различни засегнати страни

- **Надворешни и односи со јавност**

За да се спречат неосновани стравови или загрижености во врска со управувањето на училиштето со контроверзни прашања од родители и други засегнати страни, училиштето треба да може брзо да одговори на дезинформации или неосновани гласини што се шират во локалната заедница или во социјалните или други медиуми.

## Стратешка улога на лидерството и управувањето

Пристапот на целото училиште бара стратешки пристап кон лидерството и управувањето. Овој пристап треба да биде како што следува.

- **Активно** - се занимава со развивање на заедничка визија за тоа како може да се решаваат контроверзни и контроверзни прашања низ училиштето; трансформирање на оваа визија во политика; комуникација на политиката до вработените и засегнатите страни; обезбедување обука; надзор над спроведувањето на политиката; следење на квалитетот на спроведувањето; надгледување на преглед на политиката и поставување цели за во иднина.
- **Одговорно** - брзо и чувствително реагирање на личните и професионалните проблеми на наставниците; потребата на наставниците и учениците за поддршка; и загриженост или поплаки од родители и други, или од медиумите.
- **Проактивно** - бара начини за создавање нови можности за наставна програма; повеќе поддржувачки училишен етос и култура; подобрени стратегии за проценка на ризик; зголемена поддршка за ранливите и малцинските групи; и подобри односи со медиумите.

## Односот кон другите училишни политики

Справувањето со контроверзните и контроверзните прашања, иако сама по себе е посебна област на лидерство и менаџирање, не треба да се смета за целосно одвоена од другите области на училишна грижа, туку како меѓусебно поврзана со нив. Постои значително преклопување помеѓу политиката за контроверзни прашања и другите училишни политики; на пример, политики за родова еднаквост, анти-насилство, благосостојба на студентите и заштита, кохезија во заедницата и анти-радикализација.

Затоа, политиката за контроверзни прашања треба да биде интегрирана во целокупната програма на училиштето и да се третира како дел од процесот на самоевалуација и циклусот на планирање на развојот на училиштето.

## Заклучоци:

- Од литературата станува јасно дека едукативните придобивки од наставата на контроверзни прашања се значителни и широки и дека вклучувањето на контроверзна материја е важно за ефективно образование за демократско граѓанство и човекови права денес во Европа и пошироко
- Од особено значење е придонесот на наставата за контроверзни прашања во градењето на споделени вредности и отпорноста кон екстремизмот и потребата училиштата да создаваат „безбедни простори" каде што учениците од различно потекло и начин на живот ќе можат отворено да разговараат за своите проблеми без страв
- Исто така е јасно дека воведувањето современи прашања во училницата покренува прашања не само за педагогијата, туку и за улогата на училишното раководство и управување - на пример, за тоа како да се изгради доверба на персоналот за наставата за контроверзни прашања, како да се поддржи персоналот и на часовите, и во нивната интеракција со родителите, како да се обезбеди пристап до обука, како да се одржи доследноста на пристапот низ училиштето и како да се реши вознемиреноста на родителите и засегнатите страни
- Улогата на лидерот на училиштето е клучна - не само во надгледувањето на развојот и спроведувањето на политиките, туку и во поставувањето на општиот тон за начинот на решавање на контроверзните прашања. Училишните лидери треба да дејствуваат како шампиони за демократски дијалог и почитување на разликите и да бидат подготвени да ги моделираат во нивниот сопствен пристап кон менаџирањето со училиштата
- Јавната природа на контроверзните прашања и нивната резонанца низ училишната заедница укажува на потребата од колаборативен пристап кон развојот на политиките во кој вработените, учениците, студентите, родителите и другите засегнати страни имаат свој удел. Исто така, сугерира потреба за колаборативен пристап кон развој на практиката во кој наставниот кадар се собира да разговара за прашања и идеи и да се согласи за приодите и методите.

- Организирање и координирање на училишните одлуки за контроверзни прашања врз основа на соработка подразбира пристап на целото училиште кон управувањето - пристап што ги собира учениците, вработените, родителите и целата заедница и ги допира, генерално, сите аспекти од работата на училиштето.
- Пристапот на целото училиште бара форма на управување што е во еднаква мерка активна (промовира добра практика низ училиште), одговора (одговара на нови случувања и непланирани настани) и проактивна (ги промовира факторите што ја поддржуваат добрата практика и го минимизираат потенцијалниот ризик)
- Развојот на довербата на персоналот во безбедно справување со контроверзни прашања е суштинска одговорност на раководството. Обезбедувањето на квалитетна професионална обука и можностите во училиштата за саморазвој се од клучно значење за подобрувањето на училиштето во оваа област
- Уште една суштинска одговорност на раководството е да обезбеди поддршка за наставниот кадар - вклучително и практична помош за проблеми што се јавуваат во и околу училницата или интеракции со родителите.
- Учењето во училница не треба да биде изолирана. Она што се случува во училницата има ефект, добар или лош, врз училиштето како целина. Слично на тоа, етосот и културата на училиштето влијаат на она што се случува во училницата. Развојот на училишниот етос и култура треба да се гледа како важен аспект на училишната политика и пракса.
- Контроверзните прашања варираат од место до место и со текот на времето. Затоа е важно дека политиките и практиките за контроверзни прашања треба да вклучуваат флексибилност и да обрнат соодветно внимание на потребата за прилагодување на методите и приодите на наставата кон локалните услови. Особено, треба да се посвети соодветно внимание на благосостојбата на децата со посебни образовни потреби и децата од ранливите и малцинските групи
- За целото училиштето, колаборативниот пристап кон контроверзни прашања има важни импликации врз распределбата на ресурсите - вклучително и во врска со развојот и спроведувањето на политиките, развојот и поддршката на персоналот, наставните материјали и надворешните односи.
- Политиките и практиката во контроверзни прашања не треба да се сметаат за одделени, туку како интегрални и придонесуваат за други области на училишна грижа, како што се родовата еднаквост, различноста и намалувањето на насилството. Развојот и прегледот на политиките треба да бидат интегрирани во годишниот циклус на училиштето за самоевалуација и план за подобрување.
- Со малку исклучоци, улогата на училишното раководство и управување е скоро целосно игнорирана од коментаторите и истражувачите. Нема доволно ажурирана практична обука и поддршка на училишните лидери и високи менаџери во врска со планирањето и управувањето со наставата на контроверзни прашања. Малкуте информации што постојат, забрзано стануваат стари и имаат потреба од преглед. Итно е потребна нова обука и / или материјал за поддршка во оваа област.

## Препораки:

Базирано на претходните заклучоци, се препорачува следното.

- Управување со контроверзни прашања како прашање на целото училиште треба да се смета за приоритетна област за развој во професионалната обука на училишните водичи и менаџери.
- Треба да се создадат нови алатки и материјали за управување за да им се помогне на училишните водичи и менаџери да развијат стратешки пристап кон наставата за контроверзни прашања соодветни на нивните училишта.
- Овие алатки и материјали треба да имаат за една од нивните примарни цели развој на споделени вредности и отпорност на екстремизмот во училиштата и пошироката училишна заедница.
- Тие треба да го земат за појдовна точка поимот „безбедни простори" - создавање редовни можности на училиште за учениците да можат слободно и без страв да разговараат за своите ставови за тековните јавни контроверзии.
- Тие треба да поттикнуваат стилови на лидерство и управување кои промовираат колаборативен (заеднички) пристап кон креирање на училишни политики - вклучување на персонал, ученици, родители и пошироката училишна заедница.
- Тие треба да бидат способни да бидат вклучени во постојниот циклус на училиште за самоевалуација и планирање на подобрување.
- Овие алатки треба да се поврзат и да се користат заедно со материјалите за обука за наставници објавени во пакетот за професионален развој „Живеење со контроверзии".
- Тие треба да бидат применливи и достапни во сите земји-членки на Европа, и сите фази на образование и видови на училиште.

# Користена литература и ресурси


Ashton E. and Watson B. (1998), "Values education: a fresh look at procedural neutrality", Educational Studies, 24(2), pp.183-93.

Berg W., Graeffe L. and Holden C. (2003), Teaching controversial issues: a European perspective, London Metropolitan University, London.

Brett P., Mompoint-Gaillard P. and Salema M-H. (2009), How all teachers can support citizenship and human rights education: a framework for the development of competences, Council of Europe, Strasbourg.

Brown et al. (2012), Democratic citizenship in schools: teaching controversial issues, traditions and accountability, Dunedin Academic Press, Edinburgh.

City of Dublin Vocational Education Committee (CDVEC) (2012), Tackling controversial issues in the citizenship classroom: a resource for citizenship education, CDVEC Curriculum Development Unit/Professional Development Service for Teachers, Dublin.

CitizED (2004), Teaching controversial issues: briefing paper for trainee teachers of citizenship education teachers, CitizED, London.

Claire H. and Holden C. (eds) (2007), The challenge of teaching controversial issues, Trentham Books Ltd, Stoke-on-Trent.

Clarke P. (1992), "Teaching controversial issues", Green Teacher 31, Green Teacher, Niagara Falls, New York. Cowan P. and Maitles H. (2012), Teaching controversial issues in the classroom: key issues and debates, Continuum, London.

Crick report (1998), Education for citizenship and the teaching of democracy in schools, Qualifications and Curriculum Authority, London.

Dearden R. F. (1981), "Controversial issues in the curriculum", Journal of Curriculum Studies, 13, (l), pp. 37-44.

Fiehn J. (2005), Agree to disagree: citizenship and controversial issues, Learning and Skills Development Agency, London.

Frank S. and Huddleston T. (2009), Schools for society: learning democracy in Europe. A handbook of ideas for action, Alliance Publishing Trust/ Network of European Foundations, London.

Gross Z. and Davies L. (2015), The contested role of education in conflict and fragility, Sense Publishers, Rotterdam.

Hess D. E. (2009), Controversy in the classroom: the democratic power of discussion, Routledge, London.

Huddleston T. and Kerr D. (2006), Making sense of citizenship: a continuing professional development handbook, John Murray, London.

Huddleston T. (ed.) (2014), Democracy in the making: good practices from five years of regional summer academies "Democracy at School and Human Rights in Action", Council of Europe/ European Wergeland Centre, Strasbourg.

Huddleston T. and Rowe D. (2015), "Discussion in citizenship", in Gearon L. (ed.), Learning to teach citizenship in the secondary school: a companion to school experience, pp. 94-103, Taylor and Francis, Abingdon.

Kelly T. (1986), "Discussing controversial issues: four perspectives on the teacher's role", Theory and Research in Social Education, 14(2), pp. 113-118.

Kerr D. and Huddleston T. (eds) (2015), Living with controversy: teaching controversial issues through education for democratic citizenship and human rights (EDC/HRE), Council of Europe, Strasbourg.

Lambert D. and Balderstone D. (2010), Learning to teach geography in the secondary school: a companion to school experience, Routledge, London.

Oxfam (2006), Teaching Controversial Issues, Oxfam, Oxford.

Philpott S. et al. (2013), "Controversial issues: to teach or not to teach? That is the question", Georgia Social Studies Journal, Spring 2011, 1, (1), pp. 32-44.

Scarratt E. and Davison J. (ed.) (2012), The media teacher's handbook, Routledge, Abingdon.

Shuayb M. (2012), Rethinking education for cohesion: international case studies, Palgrave Macmillan, London.

Soley M. (1996), "If it's controversial, why teach it?", Social Education, January, pp. 9-14.

Stradling R., Noctor M. and Baines B. (1984), Teaching controversial issues, Edward Arnold, London.

Wegerif R. (2003), "Reason and creativity in classroom dialogues", Language and Education, 19 (3), pp. 223-237.

Wilkins A. (2003), "Controversy in citizenship is inevitable", Citizenship News, Learning and Skills Development Agency, London.

## Интернет ресурси

Здружение за настава за граѓанство (ACT) (2014), ЦПД Модул 9, Настава за контроверзни прашања: www.teachingcitizenship.org.uk/resource/act-citizenship-cpd-module-9-teaching-aboutcontroversial-issues; ЦПД модул Б, Контроверзни прашања во граѓанството (примарно):www.teachingcitizenship.org.uk/resource/act-citizenship-cpd-module-b-controversial-issuescitizenship-primary. Пристапено на 29 јули 2016.

Бонел Ј. ет ал.(нд), „Наставни пристапи кои помагаат да се изгради отпорност на екстремизам кај младите луѓе", Канцеларија за јавно управување / Национална фондација за образовни истражувања:www.gov.uk/government/uploads/ system/uploads/attachment_data/file/182675/DFE-RR119.pdf. Пристапено на 15 јули 2016.

Совет за наставна програма, „Испити и оценување" (nd), Настава за контроверзни прашања во клучна фаза 3: www.nicurriculum.org.uk. Пристапено на 21 јули 2016.

Фондација за граѓанство (2004), „Настава за контроверзни прашања":www.citizenshipfoundation.org.uk/lib_res_pdf/0118.pdf. Пристапено на 17 јули 2016.

Кларк П. (2001), „Настава за контроверзни прашања: стратегија во училница во четири чекори за јасно размислување за контроверзни прашања": www.bced.gove.bc.ca.abed. Пристапено на 18 јули 2016.

Кромби Б. и Роу Д. (2009), „Справување со британската национална партија и други радикални групи: упатства за училиштата": www.citizenshipfoundation.org.uk/lib_res_pdf/1338.pdf. Пристапено на 13 јули 2016.

Одделение за образование (2015), „Превентивна обврска - Одделенски совети за училиштата и давателите на услуги за нега на деца": www.gov.uk/government/publications/protecting-children-fromradicalisation-the-prevent-duty, Department for Education, London. Пристапено на 29 јули 2016.

Полиција на Голем Манчестер (GMP) (2010 година), „Настава за контроверзни прашања за поддршка на DfCSF прирачникот за превенција" (прирачник за обука на наставници):http://manchesterschoolsalliance.co.uk /assets/Teaching-Controversial-Issues teacher-trainingmanual-.pdf. Пристапено на 22 јули 2016.

Национална унија на наставници (NUT) (2015), „Образование и екстремизам: совети за членовите во Англија и Велс": www.teachers.org.uk/files/prevent-strategy.doc. Пристапено на 5 јули 2016.

Џејмисон А. (2015), „Превентивна обврска: решавање на екстремизмот во училницата": www.seced.co.uk/best practice/the-prevent-duty-addressing-extremism-in-the-classroom/. Пристапено на 24 јули 2016.

Пиерпоинт С. (2014), „Како можат училиштата да се подготват за дискусии за контроверзни прашања? (Дел II) " :http://learnerlog.org/socialstudies/how-can-schools-prepare-for-discussions-of-controversialissues-part-ii/. Пристапено на 25 јули 2016.

Здружение за лично, социјално, здравствено и економско образование (2013), „Настава за 'чувствителни' прашања": www.pshe associaton.org.uk/content.aspx?CategoryID=1173. Пристапено на 30 јули 2016.

Агенција за квалификации и развој на курикулум (QCDA) (2010), „Кохезија на заедницата во акција: водич за планирање на курикулум за училиштата": www.globalfootprints.org/files/zones/teach/Key GL Documents/QCDAcommunitycohesion.pdf. Пристапено на 18 јули 2016.

Ричардсон Р. (2011), „Пет принципи за настава за контроверзни прашања": www.insted.co.uk/guide.html. Пристапено на 4 јули 2016.

## Продажни агенти на Советот на Европа

**BELGIUM/BELGIQUE**
La Librairie Européenne -
The European Bookshop
Rue de l'Orme, 1
BE-1040 BRUXELLES
Tel.: + 32 (0)2 231 04 35
Fax: + 32 (0)2 735 08 60
E-mail: info@libeurop.eu
http://www.libeurop.be
Jean De Lannoy/DL Services
c/o Michot Warehouses
Bergense steenweg 77
Chaussée de Mons
BE-1600 SINT PIETERS LEEUW
Fax: + 32 (0)2 706 52 27
E-mail: jean.de.lannoy@dl-servi.com
http://www.jean-de-lannoy.be

**BOSNIA AND HERZEGOVINA/ BOSNIE-HERZÉGOVINE**
Robert's Plus d.o.o.
Marka Maruliça 2/V
BA-71000 SARAJEVO
Tel.: + 387 33 640 818
Fax: + 387 33 640 818
E-mail: robertsplus@bih.net.ba

**CANADA**
Renouf Publishing Co. Ltd.
22-1010 Polytek Street
CDN-OTTAWA, ONT K1J 9J1
Tel.: + 1 613 745 2665
Fax: + 1 613 745 7660
Toll-Free Tel.: (866) 767-6766
E-mail: order.dept@renoufbooks.com
http://www.renoufbooks.com

**CROATIA/CROATIE**
Robert's Plus d.o.o.
Marasoviçeva 67
HR-21000 SPLIT
Tel.: + 385 21 315 800, 801, 802, 803
Fax: + 385 21 315 804
E-mail: robertsplus@robertsplus.hr

**CZECH REPUBLIC/ RÉPUBLIQUE TCHÈQUE**
Suweco CZ, s.r.o.
Klecakova 347
CZ-180 21 PRAHA 9
Tel.: + 420 2 424 59 204
Fax: + 420 2 848 21 646
E-mail: import@suweco.cz
http://www.suweco.cz

**DENMARK/DANEMARK**
GAD Vimmelskaftet 32
DK-1161 KØBENHAVN K
Tel.: + 45 77 66 60 00
Fax: + 45 77 66 60 01
E-mail: reception@gad.dk
http://www.gad.dk

**FINLAND/FINLANDE**
Akateeminen Kirjakauppa
PO Box 128, Keskuskatu 1
FI-00100 HELSINKI
Tel.: + 358 (0)9 121 4430
Fax: + 358 (0)9 121 4242
E-mail: akatilaus@akateeminen.com
http://www.akateeminen.com

**FRANCE**
Please contact directly /
Merci de contacter directement
Council of Europe Publishing
Éditions du Conseil de l'Europe
F-67075 STRASBOURG Cedex
Tel.: + 33 (0)3 88 41 25 81
Fax: + 33 (0)3 88 41 39 10
E-mail: publishing@coe.int
http://book.coe.int
Librairie Kléber
1, rue des Francs-Bourgeois
F-67000 STRASBOURG
Tel.: + 33 (0)3 88 15 78 88
Fax: + 33 (0)3 88 15 78 80
E-mail: librairie-kleber@coe.int
http://www.librairie-kleber.com

**GREECE/GRÈCE**
Librairie Kauffmann s.a.
Stadiou 28
GR-105 64 ATHINAI
Tel.: + 30 210 32 55 321
Fax.: + 30 210 32 30 320
E-mail: ord@otenet.gr
http://www.kauffmann.gr

**HUNGARY/HONGRIE**
Euro Info Service
Pannónia u. 58.
PF. 1039
HU-1136 BUDAPEST
Tel.: + 36 1 329 2170
Fax: + 36 1 349 2053
E-mail: euroinfo@euroinfo.hu
http://www.euroinfo.hu

**ITALY/ITALIE**
Licosa SpA
Via Duca di Calabria, 1/1
IT-50125 FIRENZE
Tel.: + 39 0556 483215
Fax: + 39 0556 41257
E-mail: licosa@licosa.com
http://www.licosa.com

**NORWAY/NORVÈGE**
Akademika
Postboks 84 Blindern
NO-0314 OSLO
Tel.: + 47 2 218 8100
Fax: + 47 2 218 8103
E-mail: support@akademika.no
http://www.akademika.no

**POLAND/POLOGNE**
Ars Polona JSC
25 Obroncow Street
PL-03-933 WARSZAWA
Tel.: + 48 (0)22 509 86 00
Fax: + 48 (0)22 509 86 10
E-mail: arspolona@arspolona.com.pl
http://www.arspolona.com.pl

**PORTUGAL**
Marka Lda
Rua dos Correeiros 61-3
PT-1100-162 LISBOA
Tel: 351 21 3224040
Fax: 351 21 3224044
E mail: apoio.clientes@marka.pt
www.marka.pt

**RUSSIAN FEDERATION/ FÉDÉRATION DE RUSSIE**
Ves Mir
17b, Butlerova ul. - Office 338
RU-117342 MOSCOW
Tel.: + 7 495 739 0971
Fax: + 7 495 739 0971
E-mail: orders@vesmirbooks.ru
http://www.vesmirbooks.ru

**SWITZERLAND/SUISSE**
Planetis Sàrl
16, chemin des Pins
CH-1273 ARZIER
Tel.: + 41 22 366 51 77
Fax: + 41 22 366 51 78
E-mail: info@planetis.ch

**TAIWAN**
Tycoon Information Inc.
5th Floor, No. 500, Chang-Chun Road
Taipei, Taiwan
Tel.: 886-2-8712 8886
Fax: 886-2-8712 4747, 8712 4777
E-mail: info@tycoon-info.com.tw
orders@tycoon-info.com.tw

**UNITED KINGDOM/ROYAUME-UNI**
The Stationery Office Ltd
PO Box 29
GB-NORWICH NR3 1GN
Tel.: + 44 (0)870 600 5522
Fax: + 44 (0)870 600 5533
E-mail: book.enquiries@tso.co.uk
http://www.tsoshop.co.uk

**UNITED STATES and CANADA/ ÉTATS-UNIS et CANADA**
Manhattan Publishing Co
670 White Plains Road
USA-10583 SCARSDALE, NY
Tel: + 1 914 472 4650
Fax: + 1 914 472 4316
E-mail: coe@manhattanpublishing.com
http://www.manhattanpublishing.

**Council of Europe Publishing/Éditions du Conseil de l'Europe**
**Продажни агенти на Советот на Европа**
F-67075 STRASBOURG Cedex
Tel.: + 33 (0)3 88 41 25 81 – Fax: + 33 (0)3 88 41 39 10 – E-mail: publishing@coe.int – Website: http://book.coe.int

Публикацијата има за цел да помогне во зајакнувањето на управувањето со контроверзните прашања на ниво на целото училиште. Ова ќе им користи на младите и исто така ќе придонесе за поефикасно образование за демократско граѓанство и образование за човекови права (ОДГ / ОЧП), и заштита и зајакнување на нашите демократски општества.



MKD

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот.
Таа има 47 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото.
Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини.
Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи.
Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**http://europa.eu**

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE